УНИВЕРЗИТЕТ “Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

Институт за педагогија

Последипломски студии по педагошки науки

# Истражувања во воспитанието и образованието кај предучилишните деца - развојни тенденции и методолошки карактеристики

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Ментор:

Проф. Д-р Наташа Ангелоска-Галевска

Студент:

Емилија Котева

Јули, 2013

СКОПЈЕ

## ВОВЕД

Предучилишното воспитание и образование во најголемиот број земји во светот е издигнато на високо ниво кое има приоритет во рамките на глобалните воспитно-образовни системи. Пристапот до некоја форма на предучилишно воспитание и образование и ефектите на таа образовна партиципација оставаат белег на успехот во целокупното понатамошно школување на секоја индивидуа. Покрај процесот на социјализација, што го овозможуваат предучилишните програми, значаен е фактот дека децата чиешто образование започнало во раното детство имаат позитивен однос кон училиштето и многу мала е веројатноста дека тие предвреме ќе го напуштат школувањето. Покрај примарната социјализација, на предучилишните деца во детската градинка им се обезбедуваат услови за развој на нивните севкупни потенцијали и за стекнување на основните сознанија за светот што ги опкружува. Зголемувањето на опфатот на сите деца со предучилишно воспитание претставува основен услов за подигнување на квалитетот и вертикална мобилност на генерациите во образовниот систем. Многу научни истражувања во светот и кај нас укажуваат на тоа дека учениците кои претходно посетувале детска градинка покажуваат подобар успех во текот на натамошното школување.

Истражувањата во воспитанието и образованието се многу значајни од аспект за унапредување и продлабочување на методологијата на педагошките истражувања. Во однос на ова, потребно е да се вршат истражувања кои ќе се однесуваат на сите степени на образование.

Ова истражување е главно сконцентрирано на истражувањата во воспитанието и образованието кај предучилишните деца, поконкретно на развојните тенденции и методолошките карактеристики на истражувањата од раното детство кај нас во Р.Македонија, како и во Европа и пошироко. Целта на ова истражување главно се однесува на вршење компаративна анализа на истражувањата кои се вршени во областа на раното детство и откривање на методолошките специфики на нивната примена.

Теоретската рамка на истражувањето зафаќа неколку значајни прашања поврзани со истражувањата во воспитанието и образованието кај предучилишните деца. Почнувајќи од општествените услови и истражувањата, раниот детски развој како инвестиција во иднината, програмите и стандардите за ран детски развој во Р.Македонија, се оди до анализирање на специфичностите на методологијата кај предучилишните деца и набројување на значајни претставници. Во теоретскиот дел посебно внимание се обрнува на анализирање на истражувањата од областа на раното детство кои се вршени во Европа и пошироко, како и во Р.Македонија, така што е направен обид да се соберат и систематизираат податоци од научни истражувања од ова проблематика.

Во вториот дел е даден приказ на методологијата на истражувањето, каде што се дефинирани: предметот на истражување, основните поими на предметот на истражување, целта и карактерот, задачите и хипотезите на истражувањето, истражувачките прашања, примерокот на истражување, како и методите, техниките и инструментите на истражувањето кои ни овозможија увид за состојбата на предучилишните установи кои беа примерок на истражувањето, како и за ставовите и мислењата на анкетираните воспитувачи и интервјуираните стручни соработници.

Третиот дел содржи податоци од:

- Анализа и интерпретација на резултатите од прашалникот наменет за воспитувачите;
- Анализа и интерпретација на резултатите од интервјуто наменето за стручните соработници ( педагози и психолози);

Завршниот дел содржи заклучни сознанија и препораки, прилози и список на користена литература.

## ПРВ ДЕЛ

## ТЕОРИСКИ СОГЛЕДУВАЊА НА ПРОБЛЕМОТ

# 1. Општествените услови и истражувањата

Времето во кое живееме е време на брз прогрес. Живееме во период на многу големи достигнувања, каде темпото за напредок станува се побрзо и побрзо. Модерната ера се разликува од минатото заради брзината на зголемување на проверените знаења и нивната широка примена во секојдневниот живот.

Модерниот период на интелектуалниот развој започнува од ренесансата. Според податоците кои датираат за тоа од кога почнува точно овој период, се смета дека почетокот може да се назначи околу 1300 година или околу 1600година, во зависност од тоа која фаза се зема во обзир. Тогаш почнале да се развиваат модерните мисли и што е уште поважно, тогаш почнале да се формираат основните ставови кои овозможуваат проверени сознанија и нивно усвојување[1].

Ако погледнеме денес, во денешната култура, нејзината општа зависност од истражувања е очигледна. Големиот напредок којшто е постигнат во последниот период е овозможен со учество на голем број луѓе и се поголем број на истражувачки проекти. Порано, кога со истражувања се бавеле многу помалку луѓе, отколку денес, напредокот и неможел да биде побрз. Вистина е дека и обичниот човек е способен за значајно прилагодување во животот и дека уверувањата можат да се шират и објавуваат без благодетите кои ги дава проверувањето, но напредокот во техниката и јасен увид во односите на научните принципи бараат високо стручно образование, специјална опрема и внимателни систематски напори. Плодовите и резултатите од истражувањата ќе зависат од бројот на стручни луѓе, ангажирани во истражувањата, а со тоа ќе биде одредено и темпото на напредување.

Степенот на влијание кое ќе го имаат истражувањата исто така зависи и од темпото на ширење на резултатите; премало ширење на резултатите ќе предизвика занемарување на пораката, а од друга страна преголемо ширење на

---

[1] Good, V. Carter. (1967). Metode istrazivanja u pedagogiji, psihologiji i sociologiji, Rijeka: Otokar Kersovani, str. 13

резултатите предизвикува преоптертеност со податоци и го отежнува процесот на донесување на одлуки. Според тоа истражувачите треба да внимаваат при изнесувањето на податоците, да не употребуваат жаргонски речник, да дадат свој заклучок, да се подобри врската помеѓу истражувачите и креаторите на политиката[2].

## 2. Ран детски развој - инвестиција во иднината

Раниот детски развој го опфаќа периодот од раѓање до 6 годишна возраст, но, според некои автори и согласно Националната асоцијација за воспитание и образование на малите деца ( NAEYC - National Association for the education of Young children), соодветната развојна практика се промовира за децата од раѓање до 8 годишна возраст, што го продолжува периодот на раното детство, притоа вклучувајќи ја грижата, воспитанието и образованието и нивното заедничко делување. Раниот детски развој е процес низ кој поминуваат сите деца, од едноставни до покомплексни физички, моторни, социјални и емоционални модели на однесување.

Малите деца во првите години од животот имаат потреба од близок контакт со возрасна личност во која ќе имаат доверба и која ќе им пружа постојано подршка и ќе ги поттикнува.

Развојот и учењето во првите години од животот се од исклучителна важност за детето и неговото семејство. Како ќе напредува детето и како тоа ќе се развива зависи од взаемното делување на повеќе фактори, пред се од средината во која детето живее, односно од стимулацијата која детето ја добива во семејсвото, здравјето на детето и позитивната социо-емоционална стимулација во средината во која тоа престојува (семејството, градинката).

Инвестирањето во раниот детски развој е прагматична опција, пред се заради ефектите кои се постигнуваат и добиваат со таа интервенција и покрај тоа што тие не се брзо видливи. Вложувањето во раниот детски развој е од огромно значење и заради социо-економски бенефит кој го дава. Таквото вложување продуцира ефективност во:

---

[2] Ангелоска - Галевска, Н. Евалуација, за интерна употреба, стр.8

- социјалната адаптација на децата;
- дава основа за понатамошно учење и развој;
- гарантира помали шанси за напуштање на понатамошното школување;

Креирањето на развојни стратегии и политики за ран детски развој претставува поле на интервенција и креирање на програми кои ги содржат пред се следните компоненти: правата на децата, едукацијата на родителите, професионалната обука на сите оние кои се грижат за децата, зајакнувањето на капацитетите на градинките и секторите кои се грижат за децата, како и создавање на амбиент во кој се поттикнува раниот детски развој. Овој интегриран пристап креира визија за планирање на сите нивоа и она што е многу важно единствен систем за мониторинг и евалуација на заеднички посакувани резултати.

Движењето за воведување на стандарди сега се повеќе го опфаќа и периодот на раниот и предучилишниот период (образование базирано на стандарди). Предучилишното воспитание и образование станува дел на образованието базирано на стандарди кое ги дава посакуваните резултати, стекнатите компетенции или очекувања за децата од 0-6 години. Стандардите за рано учење и развој укажуваат на тоа што децата знаат и можат да направат на одредена возраст. Тие претставуваат сет од изјави кои даваат информација за постигнувањата на децата на одредена возраст и може да се користат за најразлични цели кои се однесуваат на раниот детски развој.

Со оглед на важноста и големото значење на образованието и грижата во раното детство потребно е и големо инвестирање во оваа област. Инвестирањето во квалитетно образование и грижа во раното детство (ОГРД) е од многу големо значење затоа што токму во ова фаза се поставуваат темелите за подоцнежното учење и достигнувања. Исто така , истражувањата покажуваат дека инвестирањето во квалитетна мера на ОГРД придонесува да се разбие кругот на неповолни услови за образование. Владите треба да веруваат во ОГРД и да инвестираат во него.

Од 2006 година, серија од европски политички иницијативи и настани ја истакнале важноста од квалитетна мера на ОГРД. Тоа ја вклучува комуникацијата во Комисијата за ефикасноста и *еднаквоста во европските*

*системи за образование и обука* од 2006 година и Европскиот симпозиум од октомври 2006 година за *Подобрување на образованието и грижата во раното детство.*

Овие активности ги охрабриле земјите-членки на Европската унија да ги подржат сите форми на интервенции во раното детство и да го унапредат нивниот квалитет. Подобрувањето на предучилишното образование е приоритетна тема во надополнетата стратегиска рамка на Комисијата за Европска соработка во образование и обука по 2010 година.

Клучната порака што се издигнува е дека квалитетни сервиси за ОГРД можат кај децата да ги подобрат подоцнежните перформанси на училиште.

Политиката за развој на ОГРД и нејзината имлементација е комплексна тема што ги надминува традиционалните административни граници. Таа бара интегриран пристап со соработка и координација меѓу различни сектори и полиња.

## 2.1. Програми и стандарди за ран детски развој во Р.Македонија

Националното законодавство (Закон за детска заштита) во Р.Македонија го дефинира раниот детски развој како предучилишно воспитание и образование кое покрај мерките за згрижување на децата, опфаќа и мерки и активности за унапредување на интелектуален, емоционален, физички и социјален развој. Во Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 се истакнува дека раниот детски развој ќе претставува еден од приоритетите на Владата на Р.Македонија.

Квалитетот на предучилишното воспитание и образование во Република Македонија е директно условено од развивање на стандарди за рано учење и развој кај децата, како и нивна доследна имплементација.

Во Република Македонија, процесот на изготвување на Стандардите за рано учење и развој започнува во 2006 година на иницијатива на Уницеф -

канцеларијата - Скопје, чијашто примарна цел била да се развие сет на национално прифатливи стандарди за рано учење и развој кои се фокусираат на позитивни резултати во развојот на децата од 0-6 години.

Стандардите за рано учење и развој ги презентираат очекувањата што треба да ги достигнат децата од предучилишна возраст во различни аспекти од нивниот развој (физичко здравје, моторен развој, социо-емоционален развој, когнитивен развој...). Нивната главна цел е пред се да укажат на тоа што децата знаат и можат да направат на точно одредена возраст и се однесуваат на возрасниот интервал од 0-6 години (0-72 месеци) поделено во возрасни групи. Поделбата на возрасни групи е детерминирана од постојната законска регулатива врз основа на која се организира работата на детските градинки и поделбата на децата во групи.

Следно прашање кое можеме да го поставиме се однесува на важноста на стандардите. Всушност, нивната важност се отсликува во тоа што тие овозможуваат прецизност, помагаат да го разјасниме она што сакаме да го постигнеме, поставуваат основа за мерење, продуцираат еднакви резултати и може да ја унапредат развојната подготвеност кај децата. Стандардите можат да се користат во сите околности каде што се згрижуваат, воспитуваат и образуваат децата од 0-6 години  и тоа во семејството, во детските градинки, во детските центри, како и во неформалните облици на згрижување и воспитување на децата.

Очекувани вредности коишто децата треба да ги поседуваат при достигнување на Стандардите за рано учење и развој во Република Македонија се: независност, креативност, иницијативност, одговорност кон себе и кон околината, толерантно однесување, солидарност, прифаќање и почитување на различните од себе, како и почит кон заедницата и државата во целост.

Од Стандардите за рано учење и развој се очекува дека поголемиот дел од децата ќе совладаат поголем дел од вештините и однесувањата во соодветната развојна група, при крајот на достигнатата возрасна зрелост. Тоа не значи дека доколку детето не напредува според пропишаните стандарди треба да се форсира за да ги постигне посакуваните резултати пред тоа да биде подготвено за тоа. Исто така треба да се напомене дека и не смеедетето да се спречува ако е

подготвено да оди напред. Стандардите не се изготвени за следење на прогресот со кои детето се развива и тие не смеат да се користат како инструмент за оценување.

Всушност, целта на Стандардите за рано учење и развој е да претставува патоказ кој ќе ги информира возрасните за вештините и однесувањата кои се типични за секој одделен период од животот на децата, а не да оценува како тие се изведуваат. Стандардите за рано учење и развој се однесуваат на сите деца во Република Македонија, без исклучок и нивна задача е значително да го унапредат квалитетот на едукацијата која децата ја добиваат во рамките на Програмите за ран детски развој и учење во градинката, како и за оние деца кои од најразлични причини не посетуваат градинка, односно нивна примена во семејни услови.

## 3. Историски преглед на истражувањата во раното детство

Систематското проучување на детето и детството започнува тогаш кога настанале и првите забележани мисли за воспитанието - во античка Грција. Главно, мислењата и ставовите за воспитание на најмладите претставувале размислувања на умни и искусни луѓе и не биле резултати на истражувања, што се задржало до пред крајот на XVIII век. Тогаш германскиот лекар Тидеман (Tiedemen) направил прва исцрпна биографска студија на детето, по која дошле и други. Пред крајот на минатиот век значителен поттик во ова област дал американскиот психолог С. Хол (Hall), основачот на "движењето за проучување на детето" кое се проширило на многу земји. Како клучни имиња во развојот на методологијата за проучување на детскиот развој се јавуваат имињата на А.Бине(Binet) со движењето на менталното тестирање и Џ.Вотсон (Watson) со бихевиористичкото движење.

Во овој период од истражувањата на детството, психолозите помалку се занимаваат со проблематиката на развојот и учењето, а повеќе со описи на одделни проблеми или аспекти на развојот заради заклучување на она што е во него "природно", а што отстапува од нормалниот процес на растењето и созревањето.

Во 60-тите години на 20-тиот век се дошло до нови сознанија за развојните карактеристики и можностите на раното детство[3]. Заинтересираноста за проучување на детството и детскиот развој дало поттикнувачки резултати за вршење на истражувања за испитување на влијанијата врз детскиот развој.

Наведениот интерес, како и развој на установите за воспитување на децата од раната возраст во целиот свет, биле поттикнувачи да се развива внатре на предучилишната педагогија специфична методологија на истражувањата, важна за нејзиното конституирање како научна дисциплина.

Во однос на вака поставеното барање, исто така поставено е и барањето оваа методологија да биде до извесна мерка различна како од методологијата со која се истражува проблематиката на воспитанието и образованието на децата од постарата возраст, така и од методологијата на психолошките истражувања. Прашање кое може да биде поставено е што е основна функција на научните истражувања во областа на предучилишната педагогија со оглед на тоа што луѓето во текот на вековите повеќе или помалку успешно го одгледувале своето потомство и без научни сознанија. Уште повеќе, за тоа време се собрани искуства кои се пренесуваат од генерација на генерација со кои мнозинството луѓе се раководи во воспитанието на децата. Не потценувајќи го нивното значење мора сепак да се каже дека многу од тие искуства се засновани врз заблуди или се застарени затоа што престанале да постојат условите во кои тие биле релевантни. Оттаму е потребно нивното научно проверување, обопштување и преработка, зашто без тоа можат да се претворат во догма, да станат рецепти кои ја загубиле својата основа. Колку и да било добро педагошкото искуство, колку и да бил успешен воспитниот метод заснован врз тоа искуство, тој може да стане своина на педагогијата и на пошироката педагошка практика само доколку ќе биде проучено, така што да ги опфаќа и законитостите на психичките активности на детето. До овие законитости може да се дојде само со истражување во областа на дејствувањето врз развојот и учењето на децата, што ќе овозможи со поголема сигурност да се остваруваат воспитно-образовните цели и задачи.

---

[3] Каменов, Е. (1988), Предучилишна педагогија, Скопје: Просветно дело, стр. 17

## 4. Специфичности на методологијата на истражувањата во воспитанието и образованието кај предучилишните деца

Во методологијата на предучилишната педагогија на специфичен начин се применува методологијата што се користи во педагошката наука, со постојано следење на достигнувањата на методологиите на другите, а особено во општествените науки. Во педагошка литература главно се прифаќа поделбата на методите што ја дал В. Шмит, на историски, дескриптивен и експериментален метод, во зависност од тоа дали стварноста се посматра онаква каква што е или во неа се внесуваат измени, како и од тоа дали се проучува сегашноста или се настојува да се реконстуира минатото. Истражувачките постапки што се наведуваат во рамките на споменатите методи се: работа врз документацијата, интервјуирање, анкетирање, тестирање, проценување, со кои се користат соодветни инструменти.

Во рамките на **историскиот метод** за предучилишната педагогија особено се значајни проучувањата на биографиите или автобиографиите на одделни луѓе (писатели, научници), преку кои се дава можност да се дојде до интересни податоци за влијанието на поранешните искуства врз подоцнежниот развој. Дневниците, преку кои долги периоди се следат одредени аспекти на детскиот развиток, како и документацијата што се води во образовните установи, можат да бидат доволни индикатори за лонгитудиналните проучувања на развојот, што се незаменливи во науката.

Во предучилишната педагогија најчесто се користи техниката на **набљудување**, која претставува значајна постапка за запознавање на децата и воспитната практика. Со неа се служат не само истражувачите, туку и воспитувачите заради унапредувањето на сопствената воспитно-образовна работа.

Една од најкорисните истражувачки постапки на предучилишната педагогија е и **проучувањето на продуктите на детското творештво, игрите и работата**, односно сите производи на нивните активности, што претставуваат сведоштва за процесите преку кои настанале. За ова постапка се зборува како за анализа на содржина, посредно набљудување, кое може да се вклопи и во историскиот и во

дескриптивниот метод. Детските производи претставуваат показатели на психичките појави на кои честопати можеме повеќе да се потпреме, отколку на детските искази.

Истражувачка постапка која се користи во предучилишната педагогија е и **интервјуто**, кое овозможува преку одговорите на децата да се стекне увид за нивните желби, мислења, ставови, интересирања итн.

**Педагошкиот експеримент** е исто така многу применуван, со чија што помош се проверува успешноста на одредени методи и постапки, применливоста на средствата, корисноста на содржините, ефикасноста на одделни облици или целосни стратегии на воспитно-образовната работа.

Значајни се и **акциони истражувања**, чиешто основно својство е обидот да се надмине пасивната улога на собирачот на податоците која тешко се вклопува во смислата на едно педагошко истражување. Во акционото истражување истражувачот не се задоволува само со проучување на влијанијата на срединските фактори врз некои особини на децата, туку внесува извесни промени во тие фактори и го мери учинокот на својата интервенција.[4]

Посебни обележја на истражувачката работа со малите деца дава фактот што тие во експериментални ситуации често се однесуваат поинаку отколку возрасните, така што нивното внимание за време на испитувањето е колебливо и децата брзо се заморуваат, поради што не прифаќаат подолго време да одговараат на прашањата и послесно отстапуваат од добиените упатства и сл. , а сето тоа бара поголема вештина од експериментаторот.

Специфичностите на научно-истражувачката работа во областа на предучилишната педагогија, како и проблемите на кои се наидува во текот на таа работа, пред истражувачот поставуваат и посебни барања. Освен доброто познавање на сопствената струка, како и методологијата на педагошката и другите сродни науки, тој треба да поседува и извесни лични својства, како што се: објективност, солидни знаења за појавата што ја проучува и одредена практика во собирањето, обработката и интерпретацијата на деликатните податоци до кои што ќе дојде.

---

[4] Каменов, Е. (1988), *Предучилишна педагогија 1*, Скопје: Просветно дело, стр.19-21

## 5. Значајни претставници на предучилишната педагогија

Денес педагогијата и во европските земји и кај нас се под влијание на онис идеи, движења и тенденции, кои не само што актуелизираат теории и учења за воспитанието на детето, туку нудат и современи практични решенија. Најголем број теоретичари во рамките на предучилишната педагогија се определуваат за создавање систем од емпириски проверени методи за воспитание на детето и за поттикнување на неговиот развиток. Предност имаат оние идеи, во чијашто основа е слободното-природно-воспитание на детето, при што главна цел е личното изградување низ активности и низ животното искуство.

Марија Монтесори е една од најзначајните претставници на движењето за новата школа, поради тоа што понудила оригинален модел на алтернативна предагошка концепција, поставена сама за себе со својствени педагошки и дидактичко-методски решенија. Уште позначајна е нејзината педагошка концепција поради се поголемиот број на нови приврзаници кои ја афирмираат нејзината образовна филозофија ширум светот.

Педагошката концепција на Марија Монтесори се карактеризира како оригинален педагошки концепт, чијашто теоретска и практична работа во голема мера се засновува на еден дел од теоријата на Сигмунд Фројд (Sigmund Frojd) со главна теза дека многу потешкотии на возрасните произлегуваат од стилот на животот и проблемите во детството. Марија Монтесори нуди сопствена педагогија која се одликува со специфични аспекти на толкувања и делувања во воспитно-образовниот процес. Станува збор за одличен систем на теореско определување на прашањата кои се анализирани одделно, но во голема мера зависни и испреплетени едни со други. Тие всушност се однесуваат на периодите на осетливост, поларизацијата на вниманието, ставот и односот кон детето, основните начела на воспитно- образовната работа, организацијата на средината, улогата на вспитувачот, Монтесори материјалите итн.

Клучни практични насоки на кои се темели Монтесори пристапот се:

- да се проучува и да се уважува индивидуалноста на воспитаникот-детето;
- да се создаваат услови за максимална слобода на детскиот дух;
- да се воспитува детето како слободна личност;

- сите педагошки мерки и средства да ја поддржуваат и остваруваат самостојноста на детето;
- на детето да му се овозможи да овладее со сите корисни средства во животот;
- да се практикува тивка, стрплива и ненаметлива заемност меѓу детето и воспитувачот;
- знаењата да се усвојуваат преку искуството;
- образовно-воспитниот процес да нема натпреварувачки карактер;
- постојано да се прошируваат можностите за практични самоактивности на детето; [5]

Програмскиот модел на Марија Монтесори станал многу популарен и во други европски земји и во Америка, каде што методот "Монтесори" се уште се применува во воспитно-образвоната работа со предучилишните и со училишните деца. Педагошката концепција на Марија Монтесори, навистина се карактеризира како специфична и оригинална. Всушност, ова концепција успешно се спроведува ширум светот постигнувајќи воспитно-образовни ефекти кои се повеќе од задоволителни. Во таа насока, Монтесори педагодијата дала огромен придонес во развојот на педагошката теорија и практика.

Значаен претставник на предучилишната педагогија е и Рудолф Штајнер, кој на светот му ја подари валдорфската педагогија која претставува оригинален педагошки концепт креиран врз основа на сопствена образовна филозофија. Поаѓајќи од својата антропозофија создава теоретски и практични педагошки решенија. Образовната филозофија на валдорфската педагогија започнува со практична имплементација уште во предучилишниот период, каде децата и воспитувачите заеднички го живеат животот во градинката според принципите на оваа педагогија. Тоа се остварува и реализира првенствено преку игра, која децата сами ја замислуваат и создаваат во моментот. Валдорфските градинки поседуваат што е можно помалку готови играчки, така што за замена на готовите играчки постојат индустриски изработени креди, моливи, глина и восок за моделирање, со што со помош на ваквите материјали на детето му се дава

[5] Николовска, Ј. (2007), Педагошко-методички истражувања и погледи: Скопје, Матица Македонска, стр.169

слобода во креирањето на сопствените игри, бидејќи од нив може да направи се што ќе посака.

Карактеристично за валдорфските градинки е тоа што се планираат уметнички и работни активности во кои учествуваат децата пр. цртање, моделирање, сликање, готвење, така што на тој начин децата самостојно истражуваат и се вклучуваат во животот и работата во градинката.

Педагогијата на Штајнер претставува специфичен педагошки начин на живот. Градинката и училиштето не се само места каде што децата стекнуваат одредени знаења и способности, туку и простор кадешто заеднички се живее и работи во најзначајниот период од животот на секој човек. Заедничкиот живот и работа на децата и воспитувачите всушност ги поттикнува децата сами да истражуваат во околината, да се снаоѓаат и пронаоѓаат решенија за некои настанати случки од секојдневниот живот во градинката, со што се придава значење на практичниот живот во валдорфските градинки.

## 6. Проекти и истражувачки активности во Република Македонија

Проектните активности во Република Македонија во областа на образованието претставуваат значаен дел од курикулумот на одделните степени на образованието.

Тие процеси почнуваат да се шират од 1993 година. За разлика од некои земји, кои преминале во друга фаза во однос на проектите, односно нивното бројчано смалување, за сметка на нивното продлабочување и валоризација - со цел да се втемелуваат позитивностите во практиката и во теоријата, во Р.Македонија и понатаму продолжува ширење на квантитативната компонента на проектите.

Проектите со статус на траење во подолг период за спроведување и со поамбициозна истражувачка општа цел и посебни цели претставуваат главно, екстерни проекти. Станува збор за проекти од Министерството за образование и наука, односно за Бирото за развој на образованието, или од различни асоцијации, организации или фондации, кои се истовремено и донатори.

Изворните проекти, кои што потекнуваат од реалноста на нашето образование, се неспоредливо помалобројни од увезените. Ова всушност не значи дека не треба да се реализираат проекти од други земји, особено ако целта содржи и намера за компарирање на определени резултати со истражувања од другите земји. Едно емириско истражување на предучилишни воспитувачки и на одделенски наставници во два региона во Р.Македонија, дало сосема мал број податоци за вклученоста на воспитувачките и одделенските наставници во автентични институционални проекти. На прашањето: Во кој проект сте вклучени? , главно биле наведени: Чекор по чекор и Активна настава-интерактивно учење.[6]

За негативна појава се смета и потиснатото определување на институциите за акциони проекти-акциони истражувања - адекватни на средината и карактерот на институцијата. Забележана е и криза во однос на изборот на конкретни проблеми за истражување, како и криза на потфати: проектирање, остварување, следење и вреднување. Исто така кај голем број од проектите што се реализирани и се во тек на реализација, е дискутабилна теоретско-методолошката подлога и нивната документираност.

Прегледот на проектите, кои се под раководство на Бирото за развој на образованието во Република Македонија, доведува до еден неповолен податок: од 16 проекти, цитирани во Информаторот на Бирото..., од месец февруари 2001 година, само еден проект го води д-р на науки (проф. од Филозофскиот Факултет, Приоди кон визуелно размислување(ПВР). Другите проекти ги водат, главно, советници на Бирото за развој на образованието и тоа:

- Активна настава - интерактивно учење(одделенска настава);

- Активна настава - интерактивно учење(предметна настава);

- Стручно усовршување на директорите на основните училишта;

- Европска мрежа на училишта што го унапредуваат здравјето во РМ;

- Граѓанско образование(основно образование);

---

[6] Николовска, Ј. (2007), *Педагошко-методички истражувања и погледи*: Скопје, Матица Македонска, стр. 33

- Граѓанско образование(средно образование);

-Реформа на средното стручно образование (ФАРЕ);

- Инклузија на децата со посебни потреби во редовните училишта;

- Образование за сите во годината пред поаѓање во училиште;

- Професионална ориентација и советување на младите;

- Милениум на младите;

- Прогрес во меѓународната студија за оспособеноста во читањето( ПИРЛС);

- Трета меѓународна студија по математика и природните науки (ТИМСС);

- Национално оценување на постигањата на учениците во одделенската настава;

- Описно оценување;[7]

Дел од проектите и проектните активности ја отворија вратата на педагошкиот редукционизам, манифестиран во редукција на одредени вредности на традиционалната практика.

Промените сврзани со дидактичко-методичките стратегии во наставата, како што споменавме претходно ги следи и педагошкиот редукционизам, поттикнат и од различните проекти што се спроведуваат во последните години. Од 1993 година во предучилишното воспитание и основното образование на Република Македонија се реализираат триесетина такви проекти. Поголем број од нив настапуваат со уверување дека промовираат нови дидактичко-методички стратегии, форми, средства, и притоа се прогласуваат за иновации:

- работа во парови и во групи;

- интерактивниот начин на комуницирање;

- позицијата на ученикот како субјект;

- како и други тези што за нашата наставна практика не се новини;[8]

---

[7] Николовска, Ј. (2007), Педагошко-методички истражувања и погледи: Скопје, Матица Македонска, стр.33-34

Единствено она што е оправдано е нивното поеласично моделирање.

Од дидактичко-методичките аспекти, најприсутни и највлијателни се проектите: Чекор по чекор и Активна настава-интерактивно учење.

Во проектот Чекор по чекор се користат термините: нова програма за работа, нов пристап, нов модел, нова методологија на воспитно-образовната работа и др., а всушност на предучилишно ниво станува збор за работа организирана во качиња. Тие во овој проект се именуваат со терминот центри т.е соодветно на воспитно-образовните програмски подрачја: јазик, математика, научен центар (наместо запознавање на природата и општеството), уметнички центар (наместо катче за ликовно и за музичко воспитание ) итн.[9]

# 7. Истражувања во воспитанието и образованието на предучилишните деца - методолошки карактеристики и специфики

## 7.1. Преглед на истражувања од областа на раното детство во Европа и пошироко

Истражувањата кои се вршени во областа на раното детство надвор од Р.Македонија, односно во Европа и пошироко, кои ќе бидат потребни од аспект на компарирање со истражувањата кај нас, се значајни за исполнување на целта на нашето истражување.

Во Холандија уште во 1974 година почнале да се остваруваат 11 експериментални проекти, а веќе во 1978/1979 година уште 13 нови "традиционални прогресивни училишта" (Montessori, Stainer и Dalton plan school) се приклучиле кон иницијативата која била насочена кон обид за испитување на можностите за комбинирање на функциите на предучилишната установа и на основното училиште, во рамките на една целосно интегрирана образовна

---

[8] Николовска, Ј. (2007), Педагошко-методички истражувања и погледи: Скопје, Матица Македонска, стр.40

[9] Николовска, Ј. (2007), Педагошко-методички истражувања и погледи: Скопје, Матица Македонска, стр.40

институција за децата од 4 до 12 години. За таа цел биле применувани различни организациски и методски решенија, за да се постигне континуитет, особено во некои облици на "отвореното училиште" (open school), вертикално групирање на децата и интензивна тимска работа со воспитно- образовниот кадар(Каменов, 1982.стр54). Главно, активностите биле насочени кон меѓусебно испреплетување на игровните активности и учењето, како и кон создавање на еден нов дидактичко-методски модел за работа со децата од предучилишна и училишна возраст.

Притоа биле наведеле шест основни принципи од кои се раководеле непосредните реализатори и учесници во овој национален проект и тоа:

- програмските цели, содржини и методи, како и целокупната внатрешна организација на училиштето, треба да го поттикнат континуираниот развој на личноста на ученикот и да водат сметка за неговиот социјален развој;
- воспитно-образовната работа во училиштето треба да биде организирана во согласност со индивидуалните потреби на секое дете;
- мора да се земе предвид потребата да се чува сопствениот идентитет на секое дете од предучилишна и училишна возраст;
- треба да се развиваат креативноста, интелектуалниот, социјалниот и говорниот развој кај децата;
- треба да се унапредат дијагностичките и терапевтските аспекти на воспитно-образовниот процес во институциите;
- треба да се земаат предвид и проблемите во учењето и однесувањето со кои се соочуваат децата од пониските општествени слоеви[10];

На официјалното прифаќање и спроведување на новиот модел на основното училиште (new style primary school) за децата од 4 до 12 години, кој стапил во сила во 1985 година, им претходеле десетина години напорна истражувачка работа, околу 153 развојни проекти и повеќе од 800 експериментални основни

[10] Дамовска, Л. (2001), Компатибилноста на предучилишното со основното воспитание и образование, Скопје: Круг, стр. 25, 26

училишта, кои се обиделе да дадат свој придонес во остварувањето на компатибилноста на предучилишното со основното воспитание и образование.

Во седумдесеттите, во Франција, во градот Еланкур (Elancourt), бил реализиран проект кој имал за цел да го олесни преминот на децата од предучилишното во основното воспитание и образование. Во рамките на овој проект биле вклучени четири предучилишни групи и десет паралелки од одделенската настава. Децата биле поделени во одделенија на традиционален начин, но им било овозможено да се мешаат "хоризонтално" (деца на иста возраст, но од различни одделенија) и "вертикално" (помали и повозрасни деца). Притоа, пред нив биле поставувани различни барања, а исто така биле разменувани и воспитувачите и наставниците што работеле со деца од различна возраст, стремејќи се кон разновидност , а не кој спецификација[11].

Овој проект дал позитивни резултати, и врз таа основа позитивните искуства од овој проект имале своевидно влијание и врз официјалниот воспитно-образовен систем.

Инаку, во рамките на францускиот воспитно-образовен систем егзистираат т.н подготвителни одделенија, во кои децата доаѓаат со наполнети 6 години и воспитно-образовната работа во нив е приспособена на развојните и психо-физичките карактеристики на децата со користење на играта како доминантна активност на ова возраст.

Според литературата која беше достапна, добиените податоци укажуваат на тоа дека од крајот на 1960 година, истражувањата во раното детство во Данска се вршени од индивидуални истражувачи, односно од самоиницијативно истражување и личен интерес на истражувачите за раното детство. Истражувачите, главно биле психолози на универзитетските институти. Голем дел од истражувањата кои биле вршени, биле поврзани со нарушувања во однесувањето, социјални нарушувања поврзани со настани во животот на децата, како што е разводот на родителите.

---

[11] Дамовска, Л. (2001), Компатибилноста на предучилишното со основното воспитание и образование, Скопје: Круг, стр.26

Истражувањата во образованието поврзани со мали деца биле прилично нови во Данска. Првите резулати биле објавени пред околу 30 години, така што оваа област на истражување сеуште е ограничена во Данска. Институтот за образование во раното детство at the Royal Danish School of Educational Studies , кој е основан 1992 година, е единствениот институт во Данска кој се занимава со образованието во раното детство. Институтот има само 5 (пет) истражувачи со полно работно време. Како и да е, истражувања од областа на раното детство се вршат и од голем број други истражувачи вработени во различни универзитетски институции, од страна на независни истражувачки институти и од луѓе со личен интерес во областа.

Податоците од некои истражувања вршени во Данска, покажуваат дека повеќе од 80% од сите деца на возраст помеѓу 3-6 години посетуваат градинка, а повеке од 90% од сите мајки на деца под 6 години работат надвор од нивните домови. Ова значи дека одење во градинка е нешто што сите деца го прават, и всушност градинката станува составен дел од образовниот систем, така што ова признание создало потреба за промена во содржината на наставната програма.

За време на последните неколку години главните фокусирања на традиционалните истражувања во раните години на децата во Данска се на следниве теми:

- игра/учење;
- грижа;
- децата како носители на одлуки;
- деца во ризик;
- развој на психологијата и рано образование;
- реакции на децата со родители кои имаат проблем со алкохолот;
- секојдневниот живот во згрижувачките центри;
- премионот од дневни центри на училиште[12];

[12] David, T. (1998). Researching Early Childhood Education, London: Paul Chapman Publishing Ltd, str.26

Ова истражување било спроведено од страна на истражувачи вработени во универзитети и истражувачки центри.

Градинките во Данска својот курикулум - наставна програма ја базираат на игра, вистински чувства. Истражувањата покажуваат дека родителите и воспитувачите ставаат висок акцент и приоритет на независноста на детското однесување, како и детската независност за донесување на одлуки.

Бројот на истражувачи во полето на раното детство кои се вработени во универзитетите и истражувачките институти е многу мал, можеби само дванаесет во целата земја. Истражувачите во образованието главно се фокусирани на децата од возрасна група помеѓу 3-8 години. Психолозите имаат тенденција да се фокусираат на деца кои имаат проблеми или се изложени на ризик, а се многу мали. Истражувањата не се однесуваат само на овие аспекти, секако дека постојат исклучоци. Некои психолошки истражувања ги истражуваат односите помеѓу децата и возраснитс.

Според добиените информации од литературата која ни беше достапна, дојдовме до податок дека пред неколку години во Данска бил спроведен голем проект, чија што цел била да се открие како едукаторите се грижат за малите деца. Последен проект од овој вид е фокусиран на децата кои се изложени на ризик со тоа што Else Christensen има објавено голем истражувачки извештај за реакциите на децата со нивните родители кои имаат проблем со алкохолот.

Во суштина истражувањата во образованието во Данска имаат тенденција да се фокусираат на играта, децата да бидат оние кои донесуваат одлуки, а исто така акцент се става и на детската независност во одлучувањето.

Во Данска, истражувањата во рамките на раното детство се базираат на неколку теории и соодветно на тоа, различни истражувачи употребуваат различни истражувачки методи. Како резултат на тоа, некои истражувачки проекти се базирани претежно врз основа на позитивистичка научна традиција, додека други имаат тенденција кон феноменолошки-херменевтички простап и критичка теорија. Како и да е, и двата методи, квалитативни и квантитативни се вообичаени во областа. Иако критичката теорија и квалитативните методи се користат доста широко во денешно време и на нив се гледа како респектабилни

истражувачки методи, сепак позитивистичкиот став сеуште доминира на теренот во Данска[13].

Во текот на 1960 година биле извршени голем број на истражувања кои се однесувале на детскиот раст и развој, така што биле користени прашалници за испитување на типичните особини на животот на децата, условите, здравството, образованието, развојот и образовните достигнувања.

Како и да е, без оглед на тоа кои пристапи се усвоени, квалитативни или квантитативни, истражувачите во Данска имаат тенденција да ги изберат нивните методи според димензиите, како и да изберат методи кои се избрани како одговор на истражувачките прашања, за кои тие се обидуваат да добијат одговори и податоци, наместо идеолошки причини. Значи ако истражувачите се обидуваат да дознаат повеќе или да ги опишат детските пријателства, или да се најде она што го карактеризира односот помеѓу децата и нивните воспитувачи, тие би можеле да користат методи како набљудување, видео-снимка, интервју итн.

Потребата за вршење на истражувања од областа на раното детство во Данска е во пораст, а една од главните причини за тоа е дека скоро сите деца на возраст помеѓу 3-6 години присуствуваат во детските градинки, кои се признаени како образовни инситуции.

Истражувањата кои се вршени во областа на раното детство се презентирани како споредба направена помеѓу четири земји на ЕУ: Чешка, Финска, Франција и Англија. Споредбата е вршена во однос на простор; персонал - обука; опфат; сооднос дете-возрасен; континуитет на грижата; поддршка на мајките и татковците, односно степен на нивна вработеност кои имаат деца под 3 години, мајчинско отсуство, право на родителско отсуство, дополнително отсуство итн.

Овој извештај е преглед на меѓународните докази за општествената корист од Образованието и Грижата во Раното Детство (ОРГД)[14] и обезбедува аналитички

---

[13] David, T. (1998). Researching Early Childhood Education, London: Paul Chapman Publishing Ltd, str.29

преглед на различни принципи што го придвижуваат развојот на сервиси за ОРГД. Исто така, овој преглед е значаен затоа што го сумира постојното знаење од истражувањата и ги истакнува мерките што се покажани за да придонесат кон развој и спроведување на една успешна политика за ОРГД.

Целта на овој извештај е да ги информира оние кои се одговорни за развој и спроведување на политиките во областите. Тој го сумира постојното знаење од меѓународни истражувања на неколку важни димензии на ОРГД и ги истакнува лекциите за политиките што можат да придонесат за успешна политика за развој и за спроведување на ОРГД.

Во овој извештај се достапни и прикажани податоци, односно резултати што се добиени врз основа на претходно вршени истражувања во четири земји и тоа: Чешка, Финска, Франција и Англија. Аспектите на кои се вршени истражувања во овие земји се однесуваат на:

- Видови на услуги и на установи;
- Простор;
- Персонал - обука ;
- Соодност дете-возрасен;
- Часови на достапност на градинките;
- Почетна возраст во училиште;
- Континуитет на грижата;
- Трошок за родителот;

Во однос на аспектот ***видови на услуги и установи*** резултатите покажуваат дека во Чешка, Финска и Франција градинките се јавни центри за детска грижа, додека пак во Англија постојат и јавни и приватни центри за дневна грижа.

Во однос на прашањето за ***просторот*** , резултатите од истражувањата во претходно наведените четири земји, покажуваат дека во Чешка и Финска просторот е наменски граден, и постои солиден внатрешен и надворешен простор, додека пак во Франција просторот на градинките е главно наменски

---

[14] Образование и грижа во раното детство,(2009), *Клучни лекции од истражување за креатори на политики*, Независен извештај поднесен до Европската комисија од мрежите на експерти НЕССЕ

граден, некаде и пренаменет простор од основните училишта, за разлика од Америка каде што главно просториите се пренаменети и се прилепени до основните училишта. Со оглед на тоа дека Англија располага и со приватни градинки, во однос на прашањето за просторот, истражувачите добиле податоци дека кај приватниот сектор не е задолжително да се има надворешен простор.

Истражувања биле вршени и во однос на **обуката на персоналот**. Резултатите покажале дека во Чешка персоналот е специјализиран за вршење на својата работа, дејност со 3 години високо образование по педагогија. За разлика од Чешка, во Финска една третина од персоналот е со факултетска или магистерска диплома по образование и 3 години високо образование по педагогија или факултетска и магистерска диплома по општествени науки и 3 години високо образование ( со педагошка обука), две третини од персоналот е со средно образование од социјална или здраствена заштита. Во однос на истражување на овој апект во Франција добиените податци покажуваат дека персоналот поседува факултетска диплома + 2 години педагогија. Во Англија во однос на обуката која се однесува на персоналот, секој степен добива плус 1 година учителска обука, а за медицинските сестри во градинките 2 години средно образование.

Во однос на ***соодносот дете-возрасен***, резултатите покажале дека во Чешка овој соднос е 1:12, во Финска 1:7, во Франција 2:27 (учител и помошник), а додека пак во Англија овој соднос е 2:26 (учител и медицинска сестра).

Истражувањата вршени во однос на аспектот ***часови на достапност***, покажуваат дека во Чешка, Финска и Франција градинките се достапни во текот на целиот ден, односно 8-10 часа, а додека пак во Англија 12,5 часа неделно.

Во однос на испитување на аспектот ***почетна возраст во училиште***, биле добиени податоци дека во Чешка и Франција почетна возраст за тргнување на училиште е 6 години, во Финска децата тргнуваат на училиште со 7 години, а во Англија почетна возраст за тргнување на училиште е 6 години.

***Континуитетот на грижата*** во четирите земји е различен, така што во Чешка тој е 3 години, во Финска континуитетот на грижата е 7 години, толку колку што е и почетната возраст во училиште, во Франција континуитетот а

грижата е 3-4 години, додека пак во Англија континуитетот на грижата е 5 години.

Последен аспект кој е истражуван во овие четири земји е ***трошокот на родителот.*** Во Чешка и Франција, не постои трошок за родителот, основно трошоците не се на негова сметка, во Финска се плаќа како процент од персонален данок, а во Англија градинките исто така се бесплатни.

Во претходно наведените четири држави, исто така биле истражувани и други аспекти кои се однесуваат на:

- Стапката на вработеност на мајките на деца под 3 години;
- Мајчинско отсуство;
- Право на родителско отсуство;
- Дополнително отсуство;

Во однос на ***стапката на вработеност*** на мајките на деца до 3 години, во Чешка е 14.2%, во Финска 66.4%, во Франција 49.2% и во Англија 55%. Овие податоци покажуваат дека стапката на вработеност на мајките на деца под 3 години е најмала во Чешка, а најголема е во Финска , и тоа дури 66.4%.

***Мајчинското отсуство*** во сите четири држави е различно изразено, така што во Чешка е 28 недели, во Финска 18 недели, во Франција 16 недели, а во Англија мајчинското отсуство е 26 недели плус 28 недели неплатено, ако претходно вработената работела кај истиот работодавач 26 недели.

Прашање кое било истражувано во овие четири земји е и ***правото на родителско отсуство,*** така што резултатите покажуваат дека во Чешка правото на родителско отсуство е до 4 годишна возраст, во Финска е 26 недели, во Франција правото на родителско отсуство е до 3 години, а во Англија правото на родителско отсуство е 13 недели, и во случај доколку станува збор за лице со посебни потреби -18 недели.

***Дополнително отсуство*** е аспект кој исто така е истражуван во овие земји, и резултатите кои биле добиени покажуваат дека во Чешка дополнително отсуство не постои, во Финска дополнително отсуство има, а тоа е татковското отсуство од 3 до 5 недели, како и отсуство за домашна грижа додека малите деца

наполнат 3 години (кога не се во општинска градинка). Дополнително отсуство постои и во Франција и тоа татковско отсуство кое е 14 дена. Во Англија дополнително отсуство исто така е татковското отсуство од 1 до 2 недели, при што за 100 фунти неделно или за 90% од платата се зема пониска сума.

Грижата за дете е задача, обврска која што вклучува посветеност. Студиите за влијанието на децата врз времето на возрасните, покажуваат дека мајките се целосно преокупирани со своите мали деца, а татковците многу помалку. Тоа го потврдуваат и резултатите добиени од направената компарација во претходно наведените четири држави, каде што значително се забележува поголемото отсуство на мајките од работа, заради грижа за своите деца, околку отсуството на таткото.

Опсервацијата на предучилишните деца, од страна на воспитувачите исто така претставува еден вид на истражување. За таа цел, вршени се опсервации на предучилишни деца од 0-8 години, за испитување на различни аспекти во животот на децата.

Според достапната литература дојдовме до податоци за вршена опсервација во Лондон кај деца од 5 години и 10 месеци до 6 години и 7 месеци , со цел да се откријат пријателските групи во занималната помеѓу децата. Задачи кои се поставени се: да се открие дали момчиња и девојчиња стапуваат во пријателски односи и да се забележи, сними доколку некои деца се повеќе омилени. Опсервацијата се вршела на тој начин што секое дете посебно било прашувано да наброи тројца најдобри пријатели, другари. Резултатите добиени од сите одговори на децата покажале дека сите деца од занималната се избрани, со исклучок на четири деца кои не се избрани од ниту едно дете. Резултатите исто така покажале дека сите момчиња избрале ист пол пријатели, како и повеќето од девојчињата. Во однос на тоа дали постои популарно/омилено другарче во занималната, одговорите на децата покажале дека постојат пет омилени деца во занималната, и исто така резултатите покажале дека голем број од децата се избирале меѓусебно како другари едни со други.

Препораки кои се даваат во однос на оваа опсервација се следниве:

- Иако резултатите го покажале она што било очекувано, сепак се смета и се препорачува како добра идеа, да биде повторена ова опсевација, набљудување на подоцнежен датум, за да се увиди дали истата група на пријателство постои ;
- Препораки кои одат во прилог на ова опсервација е тоа што со оглед на прецизноста на добиените резултати, ова опсервација може да се користи и како водич за одделенскиот наставник;

Исто така, за истражувања од областа на раното детство надвор од границите на Р.Македонија, од достапната литература најдовме преглед на некои истражувања за заштита од зависност во предучилишната доба, во Задар, Хрватска. Во документот, всушност се истакнува важноста на раното превентивно делување во подрачјето на користењето на дрогата. Програмите за превенција во предучилишната возраст не се само ограничени на ниво на предучилишни установи, туку ги вклучува и семејствата и потесната и пошироката локална заедница. Хан (Hahn) и неговите соработници (2000) вршеле истражување за поврзаноста помеѓу перцепцијата и знаењата на децата од предучилишна возраст во врска со употребата на алкохол, цигари и други дроги и нивната потрошувачката од страна на нивните родители. Исто така и Цукер (Zucker) и соработниците (1995) покажале дека тригодишни деца кои потекнуваат од семејство каде што има алкохоличар, точно ги препознаваат алкохолните пијалоци, за разлика од нивните врсници чиишто родители не конзумираат алкохол. Хан и неговите соработници спровеле истражување во три предучилишни установи со деца на возраст од 5 и 6 години, додека нивните родители бие интервјуирани во текот на домашни посети. Резултатите од истражувањата откриваат дека 95% од децата познаваат цигари, 56% од децата познаваат алкохолни пијалоци. Исто така голем број од децата изразуваат негативен став во однос на употребата на дрога (тажно, лошо, глупаво).

Заклучок кој следува од вршењето на овие истражувања е дека во периодот на предучилишната возраст е вистинско време да се започне со превентивни мерки за употребата на дрогата. Програмата за превенција (заштита) е насочена кон секое поединечно дете и на сите нивоа на потесната и пошироката заедница.

Соработката и интеграцијата на активностите и релевантните институции е неопходен услов за успешно спроведување на програмите за превенција.

Од литературата која што беше достапна, дојдовме до уште едно истражување кое е вршено во областа на раното детство во Полска. Ова истражување е спорведено од страна на Барбара Бокус (Barbara Bokus) и припаѓа на оние истражувања кои се однесуваат и се во врска со социјалните интеракции на детето со возрасните, како и на децата со своите врсници во градинката. Во нејзината студија таа се занимава со два аспекти на социјалната интеракција дете-дете-возрасен. Со ова истражување, таа сакала да даде одговор на прашањата како децата да развиваат интеракции, а со тоа сакала да се обиде да создаде еден теоретски модел за градење на интеракција помеѓу децата и возрасните. Врз основа на анализирање на многу истражувања кои биле вршени со помош на видео снимки, таа во нејзиното истражување сугерира дека значајна улога во процесот на градење на интеракција игра и перцепцијата на детето за активноста која ја врши, како и влијанието на партнерот со кого овие интеракции се развиваат. Барбара Бокус исто така дала објаснување за употребата на јазикот од страна на детето како фактор во иницирање на интеракции со врсниците и овој заклучок го добила по вршење на опсервации во кои биле опфатени деца од 3-5 години кои присуствувале во градинка и тоа низ игра во слободна активност (дете-дете). Со оглед на предметот на истражување а тоа се социјалните интеракции на детето со возрасните, како и на децата со своите врсници во градинката, резултатите од истражувањето покажале дека воспоставувањето на социјалните интеракции со мало дете не може да се третираат како поединечни , туку со тоа се отвора еден синџир од меѓусебно поврзани интеракции. Всушност, овој процес е многу комплексен и сложен и се состои од однесувањето во иницирање на интеракциите, пр, детето и партнерот делат исто поле на внимание или активност во просторот.

Друго истражување кое е спроведено во Полска, а е од важност за нашето истражување, затоа што е од областа на раното детство, е она кое е спроведено од страна на Барбара Каја (Barbara Kaja), кое се однесува на дијагностицирање и анализа на нарушувања кои се случуваат кај децата на возраст помеѓу четири и

седум години. Барбара Каја (1987) всушност елаборирала стратегија која се користи од страна на терапевтите и ја оценува нивната ефективност. Дијагностицирањето на т.н нарушување на перцепцијата и социо-емоционални пореметувања, кои се поврзани со стекнување на пишувањето и читањето во предучилишната фаза, е забележано многу јасно од страна на наставниците, психолозите и терапевтите. Сите тие се согласуваат дека раната дијагноза и корекција на активностите може да спречи подоцна сложени нарушувања од различна природа. Авторката всушност конструирала истражувачки алатки кои можат да се користат како од страна на работниците во клиниките, така и од страна на воспитувачите во градинките, така што однесувањето на детето може да биде забележано и анализирано во природната средина. Така 7867 деца на возраст од 4-7 години биле покриени од страна на дијагностички истражувања. Резултатите покажале дека 16% од децата имаат растројства, 17% од децата имаат тешкотии при поаѓање во основно училиште. Во однос на вакните резултати, авторот посочува и сугерира на образовно - терапевтски метод кој опфаќа две области на влијание врз детето: едно влијание преку совети за родителите и второ, директно влијание од личен терапевтски контакт со дете. Авторот исто така сугерира дека е неоправдано да се очекува нарушувањата да исчезнат спонатно. Со ова постои можност и потреба да се подобрат методите на терапевтски-образовната работа и нивното воведување во детската градинка како фактор во помагање на образовниот процес.

Исто така во Полска, многу застапени истражувања се оние поврзани со учењето да се чита и пишува од страна на децата на предучилишна возраст. Почнувајќиод 1978 година, читањето, пишувањето и математиката се вовсдени во предучилишните програми. Практичарите и теоретичарите се обидувале да дознаат повеќе ефикасни и соодветни методи на работа со деца во овие области од наставната програма. Проблемот на подготвеност и подобрување на методите на наставата во пишување со деца од предучилишна возраст било дискутирано од страна на Ана Брзезинска (Anna Brzezinska) во нејзиното истражување во 1987 година. Став кој што таа го застапувала во однос на ова проблематика , е дека мотивацијата и љубопитноста се најважни компоненти. Во своето истражување Брзезинска исто така одговорила и на прашања во врска со нивото и структурата на подготвеноста да читаат и пишуваат на децата од 4-7 години. Таа наведува

дека главните фактори за читање и пишување независно од возраста, се: системот на комуникација со детето во семејството, краткотрајната меморија и вербалната продуктивност.

## 7.2. Преглед на истражувања од областа на раното детство во Република Македонија

Во овој дел следува преглед и анализа на истражувањата вршени од областа на раното детство, во предучилишниот период кај нас во Р.Македонија, кои ќе бидат потребни и значајни за компарирање со истражувањата вршени во областа на раното детство надвор од нашите граници, во Европа и пошироко. Истражувањата ќе бидат разработени и анализирани од аспект на предметот и целта на истражување, методи, техники и инструменти кои се користени за исполнување на целта на истражувањето, како и добиените резултати и заклучоци од вршените истражувања.

Од особено голем интерес е истражувањето кое е спроведено од страна на Проф. д-р Наташа Ангеловска - Галевска (1994)[15], кое се однесува на креативноста на децата во предучилишните установи. Ова истражување е вршено со цел да се испитаат претпоставките за креативна работа на децата и воспитувачите во воспитно-образовниот процес во предучилишните установи. Испитувањето на проблемот за креативноста на децата во предучилишните установи било извршено со помош на анализа на педагошка документација, систематско набљудување, скалирање и анкетирање. Преку спроведеното истражување со помош на претходно наведените техники на прибирање на податоци се дошло до заклучок дека во воспитно-образовниот процес што се остварува во предучилишните установи недоволно се застапени креативни активности на децата. Организацијата, формите и методите на работа што ги користат воспитувачите недоволно ги мобилизираат креативните сили на детето. Било констатирано и дека во слободните активности постојат поповолни услови за креативирање на децата отколку во насочените активности, пред се во однос на позицијата на детето, неговата самостојност и слобода во одлучувањето. Добиени се податоци , врз основа на кои е заклучено дека општиот став на

[15] Ангеловска-Галевска, Н. (1994), *Креативноста на децата во предучилишните установи*, Битола: Киро Дандаро

воспитувачите кон креативноста е позитивен. Тие биле убедени дека креативноста е особина која постои кај децата и дека може да се поттикнува и развива со организирани воспитни влијанија. Податоци биле добиени и во однос на тоа кои извори на информации воспитувачите ги користат за креативна работа со децата. Најчесто тоа биле педагошко-стручната литература, организираните форми на стручно усовршување и размената на искуства со колегите. Ова истражување покрај позитивните заклучоци, дијагностицира и неколку слаби точки на постојниот систем на предучилишно воспитание и образование. Создравањето на оптимални услови за развој на детската креативност е условено со ревидирање на Програмата, иновирање во воспитно-образовниот процес и стручно оспособување на воспитувачите за креативна педагошка работа.

Истражување кое исто така е вршено во рамките на раното детство е споведено од страна на Проф. д-р Лена Алабашовска - Дамовска (1995)[16] кое се однесува на играта и нејзиното организирање во предучилишните установи. Играта е примарна активност на детето во предучилишниот период и таа е од особено развојно значење. Основна цел на ова истражување е да се испита играта и условите за нејзино правилно педагошко организирање и изведување во предучилишните установи. Во однос на вака дефинираната цел на ова истражување, техники кои се користени за остварување на претходно наведената цел се анализа на педагошка документација, анкетирање, скалирање и систематско набљудување. Со користење на сите претходно наведени техники се добиваат податоци за мислењата и ставовите на воспитувачите и истите помогнале во реализирање на ова истражување и за добивање на интересни податоци и заклучоци.

Заклучоците од ова истражување главно се однесуваат на тоа дека во предучилишните установи во Скопје и околината не постојат оптимални услови за правилно педагошко организирање и изведување на детската игра. Ова особено се однесувало на просторните услови, на играчките средства и дидактичкиот материјал како услов за правилно педагошко организирање и

---

[16] Алабашовска - Дамовска, Л. (1995), *Играта и нејзиното организирање во предучилишните установи*, Скопје: Догер

изведување на играта и игровните активности. Постоечките норми и стандарди, за простор, опрема, играчки, средства и дидактички материјали се во согласност со законитостите на психо-физичкиот развој на детето и со минималните барања за правилно организирање и изведување на играта и игровните активности во воспитно-образовниот процес. Заклучоци се добиени и за тоа дека воспитувачите имаат позитивен став во однос на значењето на играта во развојот на предучилишното дете. Организацијата на игрите во предучилишните установи не соодветставува на современите потреби и интереси на предучилишното дете и тоа во однос на примената на формите, методите, како и во однос на средствата што се користат при организирање на слободните и на насочените активности.

Истражување кое исто така е вршено во Република Македонија, а се однесува и на еден дел од раното детство е она кое е вршено од страна на Проф. д-р Лена Дамовска[17]. Подготовките за работа на овој проект почнале во текот на 1996 година, меѓутоа конкретното остварување на овој проект, особено емпириското истражување се одвивало во текот на 1998 година. Предмет на ова истражување е компатибилноста на предучилишното со основното воспитание и образование во Република Македонија. Предметот на ова истражување е проучуван низ следниве димензии:

- системска компатибилност;
- програмска компатибилност;
- дидактичко-методска компатибилност;

Ова истражување има за цел да укаже на разликите во моделите на воспитно-образовната работа што се применуваат со децата од предучилишна и училишна возраст, особено на потребата и можноста од воведување пофлексибилни дидактичко-методски модели во воспитно-образовната работа, како што се "Чекор по чекор" и "Активна настава - интерактивно учење".

Истражувањето има теориско-емпириски карактер, и врз таа основа проучувањето на проблемот на системска, програмска и дидактичко методска

---

[17] Дамовска, Л. (2001), *Компатибилноста на предучилишното со основното воспитание и образование*, Скопје: Круг

компатибилност на предучилишното со основното воспитание и образование е вршено со примена на два методи на истражување и тоа:

- методот на теориска анализа;
- дескриптивниот метод

Во емпирискиот дел на истражувањето биле применети следниве техники:

- систематско набљудување;
- анкетирање;

Поконкретни податоци за реалниот воспитно-образовен процес биле добиени преку техниката на систематското набљудување. За таа цел биле користени следниве протоколи за писмено снимање на:

- просторната, временската и организациската структура на воспитно-образовниот процес во трите вида модели на воспитно-образовна работа;
- димензиите на воспитно-образовниот процес;
- активностите на воспитувачите и наставниците;
- активностите на децата и учениците;

Преку спроведеното истражување со помош на претходно наведените техники на прибирање на податоци се дошло до следниве заклучоци:

- Добиените податоци укажале дека најдоследно се применува моделот на воспитно-образовна работа “Чекор по чекор”. При обработувањето на програмските содржини со децата од предучилишната и со тие од училишната возраст, било забележано најмало отстапување од дидактичко-методскиот модел што се промовира во овој модел на работа. Вкупно добиените податоци за времето поминато во примена на одредени форми, методи и средства во трите модели на воспитно-образовна работа укажуваат на постоење на статистички значајни разлики во однос на примената на фронталната и групната форма на работа, методот на усно излагање, методот на разговор и на методот на практична работа. Податоците упатуваат на заклучокот дека во новите модели на воспитно-образовна работа се применува посовремен и поатрактивен просторен и

дидактичко-методски пристап во обработувањето на програмските содржини.

- Добиените податоци укажуваат и на тоа дека поврзаноста помеѓу предучилишното и основното воспитание и образование, различно се остварува кај одделните видови модели на воспитно-образовна работа, како и тоа дека постојат значителни разлики помеѓу моделот на воспитно-образовна работа - класична програма што се применува со предучилишните деца и тој што се применува со учениците од прво одделение, но и дека континуитетот помеѓу предучилишното воспитание и образование и основното воспитание и образование е поизразен кај моделите на програмите "Чекор по чекор" и "Активна настава-интерактивно учење";
- Континуитетот помеѓу предучилишното и основното воспитание и образование е поизразен во новите модели на воспитно-образовна работа;
- Утврдено е дека разликите што постојат во примената на дидактичко-методските модели во воспитно-образовната работа со предучилишните и училишните деца се најизразени во класичниот модел;

# ВТОР ДЕЛ

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 2.1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предмет на истражувањето се методолошките специфики на истражувањата вршени во раното детство, од аспект на :

- предметот на истражување;
- целите на истражување;
- карактерот на истражуањето;
- методите, техниките и инструментите;
- добиените резултати;

Предметот на истражување е проучуван и преку анализа на содржина и со испитување на ставовите и мислењата на стручните соработници и воспитувачите од избраните предучилишни установи, во однос на :

- застапеноста на истражувања од раното детство;
- потребата од истражувања во раното детство;
- оспособеноста на истражувачите за вршење на истражувања од раното детство;

## 2.2. ДЕФИНИРАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ПОИМИ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Под методолошки специфики на истражувањата се подразбираат основните методолошки компоненти како што се :

***Предмет на истражување*** - Со предметот на истражување се дефинира ШТО ќе се истражува. Предметот на истражување треба да биде прецизен, конкретен и јасно да ја определува рамката во која ќе се движи истражувачот. Треба да се избегнуваат воопштени, непрецизни и прешироки формулации на предметот на истражување. Со предметот на истражување се дефинира појавата што ќе се испитува и контекстот во кој таа ќе биде следена. Предмет на истражување може да биде определена состојба, процесс, проблем, прашање, аспект, концепција итн.
***Цел на истражување*** - Целта на истражувањето ја изразува намерата на истражувачот да проучи конкретен проблем на истражување. Таа произлегува од

претходно дефинираниот предмет на истражување и дава одговор на прашањето "зошто" го вршиме истражувањето, односно ја изразува неговата целисходност.

***Карактер на истражувањето*** - Карактерот на истражувањето подразбира да се определи и дефинира за каков вид на истражување станува збор: акционо, развојно или евалуациско, трансверзално или лонгитудинално, историско или прогностичко, дескриптивно или експликативно, квантитативно или квалитативно, монодисциплинарно или интердисциплинарно, итн.

***Методи, техники и инструменти*** - Истражувачот треба да ги опише методите, техниките и инструментите што ќе бидат користени за собирање податоци согласно дефинираниот предмет, цел и задачи на истражувањето. Треба да се наведе видот на инструментот и да се објасни за кого е наменет и до какви податоци ќе не доведе.

***Предучилишно дете*** - дете на возраст од 3-7г. Го карактеризира интензивен развој од сликовно, конкретно и практично мслење и говор со претежно експресивна и инструментална функција, од ситуационо условено однесување и асоцијативно учење во пораното предучилишно време (од 3-5г.), до интернализација на говорот, симболичко мислење и развој на нов тип на когнитивно учење во поголемо предучилишно време (од 5-7г.) Доминантна и поттикнувачка активност за развојот на предучилишното дете е симболичката игра.

## 2.3. ЦЕЛ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Основна цел на ова истражување е да се изврши компаративна анализа на истражувања кои се вршени во областа на раното детство и да се откријат методолошките специфики на нивната примена.

Ова истражување е од квалитативен и квантитативен карактер.

## 2.4. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во согласност со претходно дефинираната цел ги поставуваме следните задачи на истражувањето:

1.Да се направи компаративна анализа на истражувања од раното детство кои се вршени кај нас во Р.Македонија, на Балканот и пошироко;

2Да се испитаат ставовите и мислењата на стручните соработници во градинката во однос на потребата од истражувања во раното детство;

3.Да се испита мислењето на педагогот, психологот, воспитувачите во градинка, за тоа дали и колку се вршат истражувања во раното детство;

4. Да се испита кој ги врши истражувањата од областа на раното детство;

5. Да се испита дали постојат посебно обучени истражувачи кои ги вршат ваквите истражувања;

6. Да се испита какви истражувања се вршени од областа на раното детство, односно на кој аспект тие се однесуваат;

7. Да се испита каква методологија се користи во истражувања во раното детство;

Реализирањето на овие задачи би требало да не доведе до податоци што ке овозможат откривање на други законитости, врски и односи што се испитуваат.

## 2.5. Хипотези на истражувањето

ОПШТА ХИПОТЕЗА

Општа хипотеза е дека воспитувачите и стручните соработници имаат позитивен став во однос на потребата и неопходноста од вршење истражувања од областа на раното детство кај нас во Р.Македонија.

ПОМОШНИ ХИПОТЕЗИ

1. Стручните соработници и воспитувачите сметаат дека не се вршат доволно истражувања во раното детство;

2. Во градинката не постојат посебно обучени истражувачи кои вршат истражувања во раното детство;

3. Воспитувачите во градинката најмалку еднаш биле во улога на истражувачи;

4. Воспитувачите оценуваат дека градинката во која работат иницира истражувачки проекти;

5. Постои заинтересираност на воспитувачите за нивно вклучување во истражувања од областа на раното детство;

## 2.6. ИСТРАЖУВАЧКИ ПРАШАЊА

Со оглед на квалитативната природа на истражувањето ги поставивме и следниве истражувачки прашања:

1. Дали се вршат истражувања од раното детство?
2. На кој аспект се однесуваат истражувањата од раното детство ?
3. Кој ги врши истражувањата од раното детство?
4. Постојат ли посебно обучени истражувачи кои ги вршат истражувањата од раното детство?
5. Какво е мислењето на воспитувачите и стручните соработници во однос на потребата од вршење на истражувања во раното детство кај нас?
6. Дали истражувања од раното детство се повеќе застапени кај нас или нивната застапеност е повеќе евидентна пошироко на Балканот ?

## 2.7. ПРИМЕРОК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Примерокот на истражувањето е стратификуван. Избрани се пет предучилишни установи од средини со различен степен на развиеност, во кои се интервјуирани воспитувачи и стручни соработници .

Табела 1: Основна структура на примерокот за анкетирање

| **Предучилишна установа** | **Место Општина** | **Воспитувачи** |
|---|---|---|
| 1.Ацо Караманов | Радовиш | 16 |
| 2.Мајски цвет | Скопје, Тафталиџе | 25 |
| 3.8ми март | Скопје Кисела Вода | 27 |
| 4.Раде Јовчевски -Корчагин | Скопје Центар | 9 |
| 5. Весели цветови | Скопје Кисела Вода | 28 |
| Вкупно: | | 105 |

## 2.8. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во истражувањето доминира дескриптивниот метод со сите свои модалитети, што значи се врши анализирање на состојбата, компарирање и генерализирање.

Со оглед на карактерот на предметот на истражување, поставената цел и задачи, во ова истражување се применети следниве истражувачки методи и техники:

*1. Методи на истражување:*

- дескриптивен метод

- компаративен метод

Преку дескриптивниот метод се опишува фактичката состојба за истражувања во раното детство кои се вршени кај нас во Р.Македонија, а исто така се опишани и истражувања од раното детство кои се вршени пошироко на Балканот.

Преку компаративниот метод се прави споредба на истражувањата од раното детство кои се вршени кај нас и оние кои се вршени пошироко, надвор од нашите граници.

*2. Истражувачки техники:*

-анализа на содржина

-анкетирање

- скалирање

-интервју

Преку анализа на содржина се добија информации за истражувањата од раното детство, преку анкетата и интервјуто добивме информации за тоа дали се вршат истражувања од областа на раното детство, доколку се вршат, на кој аспект тие се однесуваат, кој ги врши, постојат ли посебно обучени истражувачи кои ги вршат ваквите истражувања. Основната разлика помеѓу прашалникот и интервјуто е тоа што прашалникот е наменет за воспитувачите, а интервјуто е вршено усно со стручните соработници (педагози, психолози).

*3.Инструменти:*

- протокол за содржинска анализа

Протоколот за содржинска анализа главно претставува потсетник, односно овој протокол е насочен кон достапните истражувања од раното детство. Содржинката анализа е главно квалитативна. Со неа добивме податоци за карактеристиките, предметот и целта на истражувањата од раното детство, како и за методите, техиките и инструментите кои се користени во овие истражувања.

- прашалник- скалер

Прашалникот содржи директни прашања преку кои дознавме за тоа дали и колку се спроведуваат истражувања од раното детство, како и за мислењата и ставовите на воспитувачите за потребата од вакви истражувања.

- интервју

Интервјуто се состои од директни прашања наменети за стручните соработници (педагози и психолози), во однос на тоа дали и во која мерка според нивно мислење се спроведуваат истражувања од областа на раното детство, доколку да, на кои аспекти се однесуваат и нивно мислење и став во однос на тоа дали постои потреба од вршење на овие истражувања, како и нивен личен став во однос на тоа каде овие истражувања се поевидентни, кај нас во Р.Македонија или пошироко на Балканот.

## ТРЕТ ДЕЛ

## АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 3.1. Анализа и интерпретација на резултатите од прашалникот наменет за воспитувачите

Примената на прашалникот требаше да не доведе до податоци за мислењата и ставовите на воспитувачите од предучилишните установи за:

- застапеноста на истражувања од областа на раното детство во Р.Македонија;
- потреба за вршење на истражувања од областа на раното детство;
- вршење на истражувања од областа на раното детство конкретно во предучилишната установа во која работи воспитувачот;
- аспектот на кој се однесуваат истражувањата;
- кој ги врши овие истражувања;
- обученоста на истражувачите;
- каде ги стекнале вештините;
- вклученост на воспитувачите во истражување од областа на раното детство;
- мислење, став во однос на тоа каде се вршат повеќе истражувања од областа на раното детство , кај нас во Македонија или на Балканот;

Анкетирањето е извршено во текот на јануари и февруари, 2013 година.

Опфатени се 105 воспитувачи од два региони и пет предучилишни установи.

Првото прашање од прашалникот се однесува на општиот став на воспитувачите во однос на тоа дали се вршат истражувања од областа на раното детство кај нас во Македонија:

**Табела бр.1 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Според Ваше мислење се вршат ли истражувања од областа на раното детство кај нас во Р.М?"**

| **1.Според Ваше мислење се вршат ли истражувања од областа на раното детство кај нас во Р.М?** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| а)да,се вршат | 41 | 39,05% |
| б)делумно се вршат | 46 | 43,81% |
| в)не, не се вршат | 9 | 8,57% |
| г)не сум запознаен/а,не знам | 9 | 8,57% |
| Вкупно: | 105 | 100% |

**Графикон бр.1 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Според Ваше мислење се вршат ли истражувања од областа на раното детство кај нас во Р.М?"**




Според добиените податоци може да се забележи дека приближен е процентот на мислењето на анкетираните воспитувачи дека се вршат (39.05%) и делумно се вршат истражувања од областа на раното детство кај нас во Р.Македонија (43.81%), и ист процентот (8.57%) на оние воспитувачи кои сметаат дека не се вршат овие истражувања кај нас во Р.М, како и мислењето на оние воспитувачи кои не се запознаени во однос на овој проблем.

Според добиените податоци можеме да забележиме дека поголем е процентот на воспитувачите кои делат позитивно мислење во однос на

застапеноста на истражувања од областа на раното детство кај нас во Р.Македонија, а многу е мал бројот на оние воспитувачи кои сметаат дека не се вршат вакви истражувања во нашата држава.

Второто прашање е во директна поврзаност со првото и е од отворен тип, каде што се бараше од оние воспитувачи кои беа одговориле негативно на првото прашање да го наведат нивниот став, што мислат на што се должи тоа, односно кои се причините.

Од вкупно 46 воспитувачи кои сметаат дека делумно се вршат истражувања од областа на раното детство, само еден испитаник дал коментар зошто смета дека е тоа така :

- недоволна заинтересираност на стручните кадри;
- немање финансиски средства;

Од вкупно девет (9) воспитувачи кои сметаат дека не се вршат истражувања од областа на раното детство кај нас во Р.Македонија, само пет (5) дале коментар за причините зошто сметаат дека тоа е така, а тоа се:

- немање доволно стручен и обучен кадар во земјава;
- незаинтересираност;
- не сме биле повикани ниту пак присутни на никаков семинар или работилница во врска со ова област;
- финансиски причини, а може и затоа што нема доволно стручни лица;
- не сме информирани доволно околу ова проблематика;

Забелешка: Четири испитаници кои одговориле негативно на прашањето не ги навеле причините зошто сметаат дека тоа е така.

Третото прашање се однесува на ставот на воспитувачите за потребата и неопходноста од вршење на истражувања во раното детство, и во однос на ова добиени се следниве податоци:

**Табела бр. 2 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Дали сметате дека е потребно и неопходно да се вршат истражувања во раното детство?"**

| 3.Дали сметате дека е потребно и неопходно да се вршат истражувања во раното детство? | f | % |
|---|---|---|
| а)да, сметам дека е потребно и неопходно; | 83 | 79,05% |
| б)да, сметам дека е потребно,но не и неопходно; | 21 | 20% |
| в)не знам; | 1 | 0,95% |
| г)не, сметам дека е непотребно | 0 | 0 |
| Вкупно | 105 | 100% |

**Графикон бр.2 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Дали сметате дека е потребно и неопходно да се вршат истражувања во раното детство?"**




Добиените податоци одат во прилог на хипотезата дека воспитувачите имаат позитивен став во однос на потребата и неоходноста од вршење на истражувања од областа на раното детство. Најголемиот процент од анкетираните воспитувачи и тоа 79% го делат мислењето дека е потребно и неопходно да се вршат истражувања од областа на раното детство, 20% сметаат дека е потребно , но не и неопходно. Сосема е занемарлив процентот на само еден воспитувач (0, 95%) кој нема мислење по однос на ова прашање, и ниту еден воспитувач не одговорил негативно, односно ниту еден од анкетираните воспитувачи не смета дека нема потреба од вршење истражувања од раното детство.

На прашањето се вршат ли истражувања во раното детство, конкретно во предучилишната установа во која работите се добиени следниве одговори:

**Табела бр. 3 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Се вршат ли истражувања во раното детство, конкретно во предучилишната установа во која работите?"**

| **4.Се вршат ли истражувања во раното детство, конкретно во предучилишната установа во која работите?** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| а)да, се вршат; | 52 | 49.52% |
| б)да, но во мал број | 30 | 28.57% |
| в)многу ретко | 16 | 15.24% |
| г)не, воопшто не се вршат | 7 | 6.67% |
| Вкупно | 105 | 100 |

Според податоците од табелата може да се забележи дека близу половина од анкетираните испитаници одговориле дека во предучилишната установа во која работат се вршат истражувања од областа на раното детство(49,52%), 28.57% од нив одговориле дека се вршат истражувања во раното детство , но во мал број, 15.24% одговориле дека многу ретко се вршат истражувања од областа на раното детство во предучилишната установа во која работат, а 6.67% од воспитувачите одговориле дека воопшто не се вршат вакви истражувања во предучилишната установа во која работат.

Графички прикажани податоците изгледаат вака:

**Графикон бр.3 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Се вршат ли истражувања во раното детство, конкретно во предучилишната установа во која работите?"**



Во однос на вака добиените податоци можеме да направиме компарација на добиените одговори со стажот на анкетираните воспитувачи, за да увидиме дали добиените податоци се резултат на работниот стаж на воспитувачот. Според ова добиени се следниве податоци:

**Табела бр.4 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Се вршат ли истражувања во раното детство, конкретно во предучилишната установа во која работите?" и работниот стаж на воспитувачите**

| Работен стаж | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | До 10г. | | Од 11-20г | | Над 20 | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| Да | 12 | 38.71% | 9 | 31.03% | 31 | 68.89% | 52 | 49.52% |
| Да, но во мал број | 10 | 32.26% | 15 | 51.72% | 5 | 11.11% | 30 | 28.57% |
| Многу ретко | 9 | 29.03% | 2 | 6.90% | 5 | 11.11% | 16 | 15.24% |
| Не, воопшто не се вршат | 0 | 0 | 3 | 10.34% | 4 | 8.88% | 7 | 6.67% |
| Вкупно: | 31 | 100 | 29 | 99.99 | 45 | 99.99 | 105 | 100 |

Од вака добиените податоци можеме да забележиме дека воспитувачите со работно искуство над 20 години најмногу одговориле дека да, во предучилишната установа во која работат се вршат истражувања од областа на раното детство и тоа 68.89% од анкетираните воспитувачи одговориле потврдно, што значи запознаеноста со тоа дали се вршат ваквите истражувања е резултат на работното искуство на воспитувачот во градинката. Дека се вршат истражувања од областа на раното детство, но во мал број најмногу одговори се добиени кај воспитувачите со работно искуство од 11-20 години, и тоа 51.72%. 29.03% од анкетираните воспитувачи со работно искуство до 10 години, одговориле дека многу ретко се вршат истражувања од областа на раното детство во градинката во која работат и дека воопшто не се вршат такви истражувања најголем процент е регистриран кај воспитувачите со работно искуство од 11-20 години и тоа 10.34%. Според овие податоци заклучуваме дека добиените податоци се резултат на работниот стаж на воспитувачот, колку

повеќе има работно искуство толку повеке е запознаен со застапеноста на истражувања од областа на раното детство во градинката во која работи.

Следното прашање исто така е од отворен тип, и на него треба да дадат коментар оние воспитувачи кои на претходното прашање дадоа одговор под б), в), г) , односно да ги наведат причините зошто сметаат дека тоа е така, односно на што се должи тоа да во предучилишната установа во која работат не се вршат истражувања од областа на раното детство.

Од вкупно 30 воспитувачи кои на претходното прашање одговорија дека во предучилишната установа во која работат се вршат истражувања од областа на раното детство, но во мал број, само 7 воспитувачи ги навеле причините зошто мислат дека тоа е така. Еве некои од нив:

- поради недостаток на финансиски средства;
- поради недоволно стручен, обучен кадар;
- поради неангажираност на стручниот кадар;
- ваквите истражувања бараат посебна обука на кадарот;

Од вкупно 16 воспитувачи кои одговориле дека многу ретко се вршат истражувања во раното детство во предучилишната установа во која работат, само 9 од нив дале свој личен став во однос на причинитеза таквата состојба, меѓу кои се следниве:

- тоа е работа на научни експерти;
- немање на доволно обучен кадар за да го извршат истражувањето;
- немање доволно финансиски средства и недоволно стручен и обучен кадар;
- Од причини што добиените резултати тешко се генерализираат воопштено, затоа што децата се големи индивидуалци;
- Во градинката се реализираат повеќе проекти, но без истражувачки карактер, туку само како подготовка за реализација, не станува збор за вистинско истражување со резултати;
- Ако се истражува во раното детство, треба да постојат соодветни мерни инструменти и истите треба да се спроведат;
- непостоење на интерес;

Од вкупно 7 испитаници кои одговориле дека воопшто не се вршат истражувања од областа на раното детство во предучилишната установа во која работат, 5 од нив дале коментар во врска со ова прашање, кое главно соодветставува со претходно наведените причини по однос на ова прашање и тоа:

- непостоење на посебно обучени истражувачи;
- немање доволно финансиски средства и обучен кадар;

Забелешка: 29 испитаници не одговориле на прашањето.

Следното прашање се однесуваше на аспектот на истражувањата од раното детство кои биле вршени/се вршат во предучилишната усанова во која работат воспитувачите. Според тоа беа добиени следниве податоци:

**Табела бр.5 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Доколку во предучилишната установа во која работите се вршат истражувања во раното детство, заокружете или дополнете на кој аспект тие се однесуваат?"**

| 5.**Аспекти на истражувањата :** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| а)Организацијата на активностите; | 46 | 32.17% |
| б)Просторните и материјалните услови; | 26 | 18.18% |
| в)Креативноста на децата; | 33 | 23.08% |
| г)Играта и нејзиното организирање; | 38 | 26.57% |
| Вкупно: | 143 | 100 |

**Графикон бр.4 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Доколку во предучилишната установа во која работите се вршат истражувања во раното детство, заокружете или дополнете на кој аспект тие се однесуваат?"**



Од добиените податоци може да се забележи дека од истражувањата од раното детство кои се вршеле во градинките кои се примерок на нашето истражување, тие главно се однесуваат на организацијата на активностите (32.17%), потоа следува играта и нејзиното организирање со 26.57%, следен аспект на кој се однесувале истражувањата во раното детство во анкетираните градинки е креативноста на децата со 23.08% и на крај со 18.18% анкетираните воспитувачи одговориле дека просторните и материјаните услови во градинката биле предмет на истражување. Во ова прашање анкетираните воспитувачи исто така имаа и можност да надополнат некој аспект кој не е наведен, а бил предмет на истражување во нивната градинка. Според ова воспитувачите ги наведоа следниве аспекти:

- инклузија на деца со посебни пореби;
- влијание на медиумите врз развојот на децата;
- развој и јакнење на еколошката свест и совест кај децата;
- степен на достигнување на стандардите во рано учење и развој;
- природа;
- спорт и спортски активности;

Забелешка: 15 анкетирани воспитувачи не одговориле на прашањето.

Во следното прашање, воспитувачите требаше да наведат име/назив на проектот кој бил спроведен во предучилишната установа во која работат. Во однос на ова воспитувачите ги наведоа следниве истражувачки проекти:

- Влијанието на телевизијата врз агресивноста на децата;
- Улогата на воспитувачите од градинката во изградувањето на личноста на децата;
- Улогата на дефектологот во градење на инклузивната култура во детските градинки во општина Кисела Вода;
- Комуникација и социјализација на децата низ игра;
- Водата живот дава;

- Ран детски развој;
- Важноста на раната возраст-првите три години;
- Здрава храна за детство без мана;
- Рециклирај денес, мисли за утре;
- Водата живот значи;
- Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем;
- Енергетски ефикасни објекти;
- Играта како фактор на детскиот развој;

Забелешка: 17 од анкетираните воспитувачи не навеле назив на проектот/истражувањето кое било спроведено во предучилишната установа во која работат.

Следното прашање е во директна поврзаност со претходното , односно оние воспитувачи кои позитивно одговориле на претходното прашање, од нив се очекуваше да заокружат колку истражувачи учествувале во проектот/истражувањето. Во однос на ова прашање беа добиени следниве податоци:

**Табела бр.6 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Колку истражувачи учествувале во проектот/истражувањето?"**

| **5б.Колку истражувачи учествувале во проектот/истражувањето?** | **f** | % |
|---|---|---|
| а)од 1 до 3; | 51 | 60.71% |
| б)од 3 до 5; | 6 | 7.14% |
| в)повеќе од 5 | 27 | 32.14% |
| Вкупно: | 84 | 99.99% |

**Графикон бр.5 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Колку истражувачи учествувале во проектот/истражувањето?"**




Забелешка: 21 од вкупно 105 воспитувачи не одговориле на ова прашање.

Според податоците во табелата може да се забележи дека најчесто истражувањата кои се вршени во овие предучилишни установи , ги вршеле од 1 до 3 истражувачи, односно 60.71% од воспитувачите го избрале овој одговор. Мал е бројот на оние воспитувачи кои одговориле дека во предучилишната установа во која работат истражување вршеле од 3-5 истражувачи, а 32.14% од воспитувачите одговориле дека во установата во која работат истражување вршеле повеќе од 5 истражувачи.

Во однос на тоа, дали вработените во предучилишната установа во која работи воспитувачот, биле во улога на истражувачи, добиени се следниве податоци:

**Табела бр.7 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Дали вработените во градинката биле во улога на истражувачи?"**

| **6.Дали вработените во градинката биле во улога на истражувачи?** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| а)да; | 57 | 54.28% |
| б)не | 27 | 25.71% |
| в)не сум запознаен/а; | 21 | 20% |
| Вкупно: | 105 | 99.99% |

**Графикон бр. 6 Ставови на испитаниците во однос на прашањето “Дали вработените во градинката биле во улога на истражувачи?”**




Повеќе од половина од анкетираните воспитувачи, односно 54,28% од нив одговориле потврдно, односно дека вработените во градинката биле во улога на истражувачи, со што делумно се потврдува хипотезата дека вработените во градинката барем еднаш биле во улога на истражувачи. Всушност по однос на ова прашање беа добиени и коментари од страна на воспитувачите дека тие секојдневно се во улога на истражувачи, односно со опсервацијата која што ја вршат, всушност тие истражуваат. 25.71% од анкетираите воспитувачи одговориле дека вработените во градинката не биле во улога на истражувачи и 20% од нив одговориле дека не се запознаени по однос на ова прашање.

По однос на прашањето дали постојат обучени истражувачи кои вршеле истражувања од областа на раното детство во предучилишната установа во која работат воспитувачите, добиени се следниве податоци:

**Табела бр.8 Ставови на испитаниците во однос на прашањето “Постојат ли обучени истражувачи кои вршеле истражувања кај вас од областа на раното детство?Доколку постојат наведете ги!”**

| **7.Ставови на испитаниците во однос на обученоста на истражувачите** | **f** | % |
|---|---|---|
| а)да; | 48 | 46.60% |
| б)не; | 55 | 53.40% |
| Вкупно: | 103 | 100% |

Забелешка: Двајца воспитувачи не дале одговор по однос на ова прашање

**Графикон бр.7 Ставови на испитаниците во однос обученоста на истражувачите**




Од претходно прикажаните проценти може да се увиди дека неможеме да застапиме мислење за тоа дали посебно обучени истражувачи вршеле истражувања од областа на раното детство во предучилишните установи кои претставуваат примерок на ова истражување. Добиените резултати се многу блиски, сродни, со тоа што, за ставот дека постојат посебно обучени истражувачи одговориле 46.6% од анкетираните воспитувачи, а дека не постојат одговориле 53.39%. Сепак, поголем е процентот на оние воспитувачи кои одговориле дека не постојат посебно обучени истражувачи кои вршеле истражувања кај нив од областа на раното детство.

Од оние 46.6% од воспитуачите кои одговориле потврдно на ова прашање, ги навеле посебно обучените истражувачи меѓу кои се:

- педагог;
- психолог;
- директор;
- воспитувач;
- дефектолог;
- Унициф;
- Магистер на дефектолошки науки;
- Експерти од Проектот Ран детски развој;
- Експерти од Проектот Чекор по чекор;

На прашањето дали истражувачите кои вршеле истражувања се обучени да вршат вакви истражувања, добиени се следниве одговори:

**Табела бр.9 Ставови на испитаниците во однос на прашањето “Дали истражувачите кои вршеле истражувања се обучени да вршат вакви истражувања?”**

| 7.Дали истражувачите кои вршеле истражувања се обучени да вршат вакви истражувања? | f | % |
|---|---|---|
| а)да; | 51 | 63.75% |
| б)не; | 6 | 7.5% |
| в)не знам; | 23 | 28.75% |
| Вкупно: | 80 | 100% |

Во однос на вака добиените податоци, може да се забележи дека најголем дел од воспитувачите и тоа 63.75% сметаат дека истражувачите кои вршеле истражувања кај нив се обучени за вршење на ова работа, многу е мал процентот на оние воспитувачи кои не го делат ова мислење , односно дека истражувачите не се обучени и тоа 7.5%, и 28.75% од анкетираните не делат мислење по однос на ова прашање, односно одговориле, не знам . Ваквите податоци укажуваат дека, поголемиот дел од истражувачите кои вршеле истражувања во предучилишните установи кои се примерок на нашето истаржување се обучени, и поседуваат долно компетенции за вршење на истражувања/проекти, што е од особено големо значење.

Графички прикажани овие податоци изгледаат вака:

**Графикон бр.8 Ставови на испитаниците во однос на прашањето “Дали истражувачите кои вршеле истражувања се обучени да вршат вакви истражувања?”**



Следното прашање е во поврзаност со обуката на истражувачите, односно доколку се обучени истражувачите, каде ги стекнале вештините. На ова прашање на анкетираните воспитувачи им беше дадена можност да заокружат од понудените одговори и/или да надополнат доколку не е наведено мислењето кое тие го застапуваат. По однос на ова прашање добиени се следниве податоци:

**Табела бр.10 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Доколку се обучени, каде ги стекнале вештините?"**

| **9.Доколку се обучени, каде ги стекнале вештините?** | f | % |
|---|---|---|
| а)обуки; | 44 | 48.88% |
| б)семинари | 46 | 51.11% |
| Вкупно: | 90 | 99.99% |

**Графикон бр.9 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Доколку се обучени, каде ги стекнале вештините?"**




Забелешка: 35 анкетирани воспитувачи не одговориле на прашањето.

Од претходно прикажаните добиени податоци, може да се забележи дека од 90 испитаници кои одговориле на прашањето, одговорите се скоро подеднакво распределени, односно процентите добиени и за одговорот под а), и за одговорот под б) се многу блиски. 48.88% од вопситувачите сметаат дека истражувачите вештиние ги стекнале на обуки, а 51.11% сметаат дека истите се стекнати на семинари. Од ова може да се заклучи дека обуките и семинарите, се начини според кои истражувачите се стекнуваат со вештини за истражување.

Во прашањето беше напоменато воспитувачите да надополнат други начини кои не се наведени, а преку кои истражувачите ги стекнале вештините за истражување, меѓу кои беа неведени следниве:

- Предавања;
- Работилници;
- Практични предавања;
- Проекти;
- Интернет;

Овие одговори ги дадоа само 4 анкетирани воспитувачи.

Дали градинката во која работите иницирала на некои истражувачки проекти? , беше следното прашање од прашалникот, за кое воспитувачите ги дадоа следниве одговори:

**Табела бр.11 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Дали градинката во која работите иницирала некои истражувачки проекти?"**

| 10.Дали градинката иницирала истражувачки проекти? | f | % |
|---|---|---|
| а)да; | 74 | 70.48% |
| б)не; | 11 | 10.48% |
| в)не знам; | 20 | 19.04% |
| Вкупно: | 105 | 100% |

**Графикон бр.9 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Дали градинката во која работите иницирала некои истражувачки проекти?"**



Од прикажаните добиени податоци може да се забележи дека доста висок е процентот на воспитувачите кои одговориле дека градинката во која работат иницирала некои истражувачки проекти, и тоа 70.47% од нив го делат ова мислење, со што е потврдена уште една хипотеза дека воспитувачите оценуваат дека градинката во која работат иницирала некои истражувачки проекти. 10.47% од анкетираните воспитувачи велат дека градинката во која работат не иницирала истражувачки проекти, и 19.04% најверојатно поради тоа што не се запознаени одговориле, не знам.

Добиените резултати исто така можеме да ги споредиме, односно да направеме нивна компарација со работниот стаж на воспитувачите, за да увидиме, дали нивните одговори произлегуваат од работното искуство кое тие го имаат стекнато во предучилишната установа. Според тоа, беа добиени следниве податоци:

**Табела бр.12 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Дали градинката во која работите иницирала некои истражувачки проекти?" и работниот стаж на воспитувачите**

| | Работен стаж | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | До 10г. | | Од 11-20г | | Над 20 | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| Да | 18 | 56.25% | 20 | 71.43% | 36 | 80% | 74 | 70.48% |
| Не | 2 | 6.25% | 4 | 14.29% | 5 | 11.11% | 11 | 10.48% |
| Не знам | 12 | 37.50% | 4 | 14.29% | 4 | 8.89% | 20 | 19.05% |
| Вкупно: | 32 | 100 | 28 | 99.95 | 45 | 100 | 105 | 100 |

Од вака добиените податоци можеме да забележиме дека воспитувачите со работно искуство над 20 години најмногу одговориле дека предучилишната установа во која работат иницирала на некои истражувачки проекти и тоа 80% од нив одговориле потврдно, што значи запознаеноста со тоа дали градинката иницирала на некои истражувачки проекти е резултат на работното искуство на воспитувачот во градинката. Во однос на втората алтернатива дека градинката во која работи воспитувачот не иницирала на некои истражувачки проекти одговорите на воспитувачите со над 20 и од 11-20 години работно искуство се многу блиски, така што 5 воспитувачи со работно искуство над 20 години дале

ваков одговор, а 4 од воспитувачите со работно искуство од 11-20г. Најголем процент во однос на третата алтернатива "не знам" е регистриран кај воспитувачите со работно искуство до 10 години, и тоа 37.50%. Можеби овој одговор произлегува од нивната незапознаеност во однос на тоа дали градинката иницирала на некои истражувачки проекти, која е резултат на не могу долгото работно искуство. Според овие податоци заклучуваме дека добиените податоци се резултат на работниот стаж на воспитувачот, колку повеќе има работно искуство толку повеке е запознаен со состојбата за тоа градинката во која работи иницирала на некои истражувачки проекти.

Наредното прашање се однесуваше на оние 70.47% од воспитувачите кои беа одговориле потврдно на претходното прашање, т.е дека градинката во која работат иницирала на истражувачки проекти. Всушност тие требаше да ги наведат истражувачките проекти кои биле спроведени, односно проекти кои биле иницирани од предучилишната усанова во која работат.

Во однос на ова прашање од вкупно 74 воспитувачи кои беа одговориле потврдно, дека предучилишната установа во која работат иницирала на истражувачки проекти, 15 од нив не навеле за кои истражувања станува збор. Останатиот дел од воспитувачите ги наведоа следниве истражувачки проекти:

- ОХО- проект;
- Еко-проект;
- Граѓанско право;
- Водата живот дава;
- Здрава храна за детство без мана;
- Рециклирај денес, мисли за утре;
- Улогата на дефектологот во градење на инклузивната култура во детските градинки во општина Кисела Вода;
- Млади научници;
- Ран детски развој;
- Важноста на раната возраст- првите три години;
- Етиката и љубовта;

- Децата и природата;
- Влијанието на телевизијата на агресивноста кај децата;
- Играта како фактор на детскиот развој;
- Сината планета;
- Евалуација за услугите од страна на родителите;
- Евалуација на одржаните работилници со родители;

Следното прашање, всушност претставува дадена табела со дадени тврдења за истражувања од раното детство. Задача на воспитувачите беше да го изнесат степенот на нивното согласување, односно несогласување со секое тврдење и да го обележат со знакот Х. Во однос на ова беа добиени следниве податоци за секое тврдење посебно:

**Табела бр.13 Ставови на испитаниците во однос на тврдењето "Не постои високо ниво на застапеност на истражувања во раното детство кај нас во Р.Македонија"**

| >Не постои високо ниво на застапеност на истражувања во раното детство кај нас во Р.Македонија | f | % |
|---|---|---|
| Воопшто не се согласувам | 9 | 8.57% |
| Не се согласувам | 11 | 10.47% |
| Неодлучен/а сум | 36 | 34.28% |
| Се согласувам | 47 | 44.76% |
| Потполно се согласувам | 2 | 1.90% |
| Вкупно: | 105 | 99.98% |

**Графикон бр.10 Ставови на испитаниците во однос на тврдењето "Не постои високо ниво на застапеност на истражувања во раното детство кај нас во Р.Македонија"**



Според податоците изнесени во табела бр.13, 44.76% од анкетираните воспитувачи се согласуваат со тврдењето дека не постои високо ниво на застапеност на истражувања во раното детство кај нас во Р.Македонија, 34.28% од нив неодлучни се по однос на ова тврдење, 10.47% се согласуваат со тврдењето и 1.90% потполно се согласуваат со тврдењето. Со оглед на вака добиените податоци се потврдува главната хипотеза дека кај нас во Република Македонија не се вршат многу истражувања од областа на раното детство, односно дека нивната застапеност е на ниско ниво, што е од особено големо значење на донесување на некои заклучоци во врска со истражувањето

**Табела бр.14 Ставови на испитаниците во однос на тврдењето "Во Р.Македонија не постојат доволно обучени истражувачи за вршење на истражувања"**

| >Во Р.Македонија не постојат доволно обучени истражувачи за вршење на истражувања | f | % |
|---|---|---|
| Воопшто не се согласувам | 14 | 13.33% |
| Не се согласувам | 31 | 29.52% |
| Неодлучен/а сум | 42 | 40% |
| Се согласувам | 18 | 17.14% |
| Потполно се согласувам | 0 | 0 |
| Вкупно: | 105 | 99.99% |

**Графикон бр.11 Ставови на испитаниците во однос на тврдењето "Во Р.Македонија не постојат доволно обучени истражувачи за вршење на истражувања"**




Добиените податоци укажуваат на тоа дека најголем број од анкетираните воспитувачи всушност се неодлучни по однос на тврдењето дека не постојат

доволно обучени истражувачи за вршење на истражувања (40%). Близу 30% од анкетираните воспитувачи не се согласуваат со тоа дека во Р.Македонија не постојат доволно обучени истражувачи за вршење на истражувања, 13.33% воопшто не се согласуваат со тврдењето, 17.14% се согласуваат со ова тврдење и ниту еден анкетиран воспитувач не одговорил дека потполно се согласува со ова тврдење. Според добиените податоци всушност неможеме да застапиме ниту еден став, затоа што не постои некоја значителна разлика во добиените резултати по однос на нивното согласување/несогласување по однос на ова тврдење.

**Табела бр.15 Ставови на испитаниците во однос на тврдењето "Вработените во нашата градинка имаат доволно компетенции за изработка на проект/истражување"**

| >Вработените во нашата градинка имаат доволно компетенции за изработка на проект/истражување | f | % |
|---|---|---|
| Воопшто не се согласувам | 4 | 3.80% |
| Не се согласувам | 13 | 12.38% |
| Неодлучен/а сум | 32 | 30.47% |
| Се согласувам | 39 | 37.14% |
| Потполно се согласувам | 17 | 16.19% |
| Вкупно: | 105 | 99.98% |

**Графикон бр.12 Ставови на испитаниците во однос на тврдењето "Вработените во нашата градинка имаат доволно компетенции за изработка на проект/истражување"**




Од податоците изнесени во табела бр.15 може да се констатира дека по однос на тврдењето "вработените во нашата градинка имаат доволно компетенции за изработка на проект/истражување", 37.14% анкетирани

воспитувачи се согласуваат по однос на тврдењето, т.е сметаат дека вработените во градинката имаат доволно компетенции за изработување на проект/истражување, близок е процентот на оние анкетирани воспитувачи кои се неодлучни во врска со ова тврдење(30.47%), 16.19% потполно се согласуваат, 12.38% не се согласуваат со тврдењето, и 3.80% воопшто не се согласуваат дека вработените во градинката имаат компетенции за изработување на проект/истражување. Всушност податоците од ова тврдење укажуваат кон позитивното мислење и став на воспитувачите во однос на поседувањето на истражувачки компетенции на вработените во предучилишните установи кои се примерок на истражување.

**Табела бр.16 Ставови на испитаниците во однос на прашањето “Нашата градинка не била вклучена во истражувачки проект”**

| >Нашата градинка не била вклучена во истражувачки проект | f | % |
|---|---|---|
| Воопшто не се согласувам | 18 | 17.14% |
| Не се согласувам | 55 | 52.38% |
| Неодлучен/а сум | 17 | 16.19% |
| Се согласувам | 14 | 13.33% |
| Потполно се согласувам | 1 | 0.95% |
| Вкупно: | 105 | 99.99% |

**Графикон бр.13 Ставови на испитаниците во однос на прашањето “Нашата градинка не била вклучена во истражувачки проект”**




Прикажаните податоци укажуваат на тоа дека највисок е процентот на анкетираните воспитувачи кои не се согласуваат со тврдењето дека нивната градинка не била вклучена во истражувачки проект и тоа 52.38%, 17.14% од нив

воопшто не се согласуваат со ова тврдење, 16.19% од нив се неодлучни, 13.33% се согласуваат дека нивната градинка не била вклучена во истражувачки проект и само еден воспитувач од вкупно 105 анкетирани, или 0.95% потполно се согласува со претходно наведеното тврдење. Според претходно прикажаните податоци можеме да констатираме дека всушност повеќе од половина од анкетираните воспитувачи сметаат дека нивната градинка била вклучена во истражувачки проект, што е од особено големо значење.

**Табела бр.17 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Нашата градинка не била вклучена никогаш во истражување од областа на раното детство"**

| >Нашата градинка не била вклучена никогаш во истражување од областа на раното детство | f | % |
|---|---|---|
| Воопшто не се согласувам | 23 | 21.90% |
| Не се согласувам | 50 | 47.61% |
| Неодлучен/а сум | 17 | 16.19% |
| Се согласувам | 14 | 13.33% |
| Потполно се согласувам | 1 | 0.95% |
| Вкупно: | 105 | 99.98% |

**Графикон бр.14 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Нашата градинка не била вклучена никогаш во истражување од областа на раното детство"**




Податоците од табела бр.17 речиси се идентични, односно многу блиски, сродни со податоците од табела бр.15, и тоа : 47.61% од анкетираните воспитувачи не се согласуваат со тврењето дека градинката во која работат градинка не била вклучена никогаш во истражување од областа на раното

детство, 21.90% од нив воопшто не се согласуваат со тврдењето, 16.19% неодлучни се по однос на ова тврдење, 13.33% се согласуваат со тврдењето и еден воспитувач или пресметано во проценти, 0.95% потполно се согласува со тврдењето. Со добиените податоци, всушност се потврдрдува хиотезата дека воспитувачите сметаат дека предучилишната установа во која работат била вклучена во истражувачки проект од областа на раното детство, а податоци кои не доведуваат до ваков заклучок се тоа што воспитувачите не се согласуваат со тврдењето дека градинката во која работат не била вклучена никогаш во истражување од областа на раното детство.

**Табела бр.18 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Во нашата градинка постои заинтересираност на колегите за вклучување во истражувања од областа на раното детство"**

| >Во нашата градинка постои заинтересираност на колегите за вклучување во истражувања од областа на раното детство | f | % |
|---|---|---|
| Воопшто не се согласувам | 1 | 0.95% |
| Не се согласувам | 1 | 0.95% |
| Неодлучен/а сум | 12 | 11.43% |
| Се согласувам | 62 | 59.05% |
| Потполно се согласувам | 29 | 27.62% |
| Вкупно: | 105 | 100% |

**Графикон бр. 15 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Во нашата градинка постои заинтересираност на колегите за вклучување во истражувања од областа на раното детство"**



Податоци кои беа добиени за последното тврдење се следниве: 59.05%, односно повеќе од половина од анкетираните воспитувачи сметаат, односно се согласуваат со тврдењето дека во градинката во која работат постои заинтересираност на колегите за вклучување во истражувања од областа на раното детство. Од особено големо значење за нашето истражување се овие податоци кои укажуваат на заинтересираност на випситувачите за вклучување во истражувања од областа на раното детство. 27.62% од воспитувачите потполно се согласуваат со тврдењето, додека пак посотјат и оние 11.43% од воспитувачите кои се неодлучни по однос на ова тврдење. 0.95%, односно еден воспитувач не се согласува со ова тврдење, и 0.95% исто така еден анкетиран воспитувач воопшто не се согласува со тврдењето.Со резултатите добиени од ова тврдење исто така беше потврдена уште една хипотеза која беше поставена, а тоа е дека во градинките кои се примерок на нашето истражување постои заинтересираност на воспитувачите за вклучување во истражувања од областа на раното детство. Овие резултати покажуваат дека воспитувачите имаат позитивен став кон истражувањата од областа на раното детство и дека кај нив постои заинтересираност за вклучување во тие истражувања.

Во прашалникот освен прашања од отворен и затворен тип, беше дадена и табела со дадени алтернативи, во која воспитувачите требаше да дадат лична проценка на дадените алтернативи. Добиените податоци го покажуваат следново:

**Табела бр.19 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Имам посетувано обуки, семинари за стекнување на истражувачки вештини"**

| **>Имам посетувано обуки, семинари за стекнување на истражувачки вештини** | **f** | % |
|---|---|---|
| Да | 41 | 39.04% |
| Делумно | 32 | 30.47% |
| Не | 32 | 30.47% |
| Вкупно: | 105 | 99.98% |

**Графикон бр. 16 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Имам посетувано обуки, семинари за стекнување на истражувачки вештини"**




Податоците од табела бр.19 покажуваат дека 39.04% од воспитувачите имаат посетувано обуки, семинари за стекнување на истражувачки вештини, 30.47% од нив делумно имаат посетувано обуки и семинари, и 30.47% од анкетираните воспитувачи немаат посетувано никакви обуки, семинари. Добиените податоци укажуваат на тоа дека воспитувачите имаат посетувано обуки, семинари за стекнување на истражувачки вештини, со што можеме да претпоставиме дека прилично голем дел од анкетираните воспитувачи поседуваат вештини за истражување.

**Табела бр.20 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Имам стекнато компетенции/вештини за истражување"**

| **>Имам стекнато компетенции/вештини за истражување** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| Да | 23 | 21.90% |
| Делумно | 53 | 50.48% |
| Не | 29 | 27.62% |
| Вкупно: | 105 | 100% |

**Графикон бр. 17 Ставови на испитаниците во однос на прашањето “Имам стекнато компетенции/вештини за истражување”**




Податоците од табелата бр.20 покажуваат дека најголем е процентот на оние анкетирани воспитувачи кои сметаат дека делумно имаат стекнато компетенции/вештини за истражување(50.48%), 21.90% од анкетираните воспитувачи сметаат дека имаат стекнато компетенции/вештини за истражување и 27.62% од анкетираните сметаат дека немаат стекнато вештини за истражување.

**Табела бр.21 Ставови на испитаниците во однос на прашањето “Разменувам знаења и идеи за истражувачки проекти со колегите”**

| **>Разменувам знаења и идеи за истражувачки проекти со колегите** | **f** | **%** |
|---|---|---|
| Да | 50 | 47.62% |
| Делумно | 37 | 35.24% |
| Не | 18 | 17.14% |
| Вкупно: | 105 | 100% |

**Графикон бр. 18 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Разменувам знаења и идеи за истражувачки проекти со колегите"**




Во однос на тоа дали анкетираните воспитувачи разменуваат знаења и идеи со колегите за истражувачки проекти се добиени следниве податоци: 47.62% од воспитувачите разменуваат идеи и знаења за истражувачки проекти со колегите, 35.24% од нив делумно разменуваат а присутни се и они 17.14% од воспитувачите кои не разменуваат знаења и идеи за истражувачки проекти. Добиените податоци укажуваат на тоа дека постои добра соработка помеѓу воспитувачите кога станува збор за разменување на идеи и знаења во врска со истражувачки проекти. Ваквата соработка може многу да допринесе за иницирање на некој истражувачки проект кој ќе биде значаен за градинката каде работат воспитувачите, како и за подигање на иницијативата кај многу други градинки за вклучување во вакви проекти, или давање на идеа за креаирање на некој друг проекти кој ќе биде значаен, како за градинката, така и за нашата земја.

**Табела бр.22 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Сакам да посетувам што повеќе обуки, семинари за изработка на проекти/истражувања"**

| >Сакам да посетувам што повеќе обуки, семинари за изработка на проекти/истражувања | f | % |
|---|---|---|
| Да | 90 | 85.71% |
| Делумно | 12 | 11.43% |
| Не | 3 | 2.86% |
| Вкупно | 105 | 100% |

**Графикон бр. 19 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Сакам да посетувам што повеќе обуки, семинари за изработка на проекти/истражувања"**




Анализата на податоците во табела бр.22 покажува дека 85.71% од анкетираните воспитувачи сакаат да посетуваат што повеќе семинари, обуки за изработка на проекти/истражувања. Овој процент покажува на особено голема заинтересираност на воспитувачите за посетување и вклучување во обуки и семинари за стекнување на знаења од областа на истражувањето и изготвувањето на проекти. 11.43% од анкетираните воспитувачи делумно сакаат да посетуваат вакви обуки и семинари, а секако да се споменат и оние 2.86%, односна 3 анкетирани воспитувачи кои не сакаат да бидат вклучени, односно да посетуваат обуки и семинари за изработка на истражувања/проекти.

**Табела бр.23 Ставови на испитаниците во однос на прашањето “Сакам да се надоградувам со знаења и да стекнам компетенции за истражување”**

| >Сакам да се надоградувам со знаења и да стекнам компетенции за истражување | f | % |
|---|---|---|
| Да | 95 | 90.48% |
| Делумно | 8 | 7.62% |
| Не | 2 | 1.90% |
| Вкупно: | 105 | 100% |

**Графикон бр. 20 Ставови на испитаниците во однос на прашањето “Сакам да се надоградувам со знаења и да стекнам компетенции за истражување”**




Следниве податоци повторно укажуваат на големата заинтересираност на воспитувачите за надоградување и стекнување на компетенции за истражувања/проекти и тоа, 90.48% од воспитувачите одговориле дека да, сакаат да се надоградуваат со знаења и да стекнат компетенции за истражување, 7.62% делумно го посакуваат ова, и 1.90% односно 2 анкетирани воспитувачи не покажуваат интерес, односно не сакаат да се надоградуваат со знаења и да стекнуваат компетенции за истражување. Како и да е, и покрај процентот на оние воспитувачи кои не сакаат и делумно сакаат да се надоградуваат со знаења и да стекнат компетенции, сепак од особено големо значење и за пофалба е процентот, односно бројот на оние воспитувачи кои сакаат да се надоградуваат со знаења и да стекнат компетенции за истражување, со што тие покажуваат

заинтересираност кон ова област, кон сопствено унапредување и збогатување со знаења.

**Табела бр.24 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Сум бил/а вклучен/а во истражувачки проект во градинката"**

| >Сум бил/а вклучен/а во истражувачки проект во градинката | f | % |
|---|---|---|
| Да | 41 | 39.05% |
| Делумно | 21 | 20% |
| Не | 43 | 40.95% |
| Вкупно: | 105 | 100% |

**Графикон бр. 21 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Сум бил/а вклучен/а во истражувачки проект во градинката"**




Од податоците прикажани во графиконот може да се забележи дека не постои значителна разлика помеѓу анкетираните воспитувачи кои одговориле дека биле вклучени во истражувачки проект во градинката (39.05%) и оние кои одговориле дека не биле вклучени во истражувачки проект во градинката(40.95%). 20% од анкетираните воспитувачи делумно биле вклучени во истражувачки проект во градинката.

**Табела бр.25 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Сум бил/а вклучен/а во истражувачки проект надвор од градинката"**

| >Сум бил/а вклучен/а во истражувачки проект надвор од градинката | f | % |
|---|---|---|
| Да | 18 | 17.14% |
| Делумно | 12 | 11.43% |
| Не | 75 | 71.43% |
| Вкупно: | 105 | 100% |

**Графикон бр. 22 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Сум бил/а вклучен/а во истражувачки проект надвор од градинката"**




Прикажаните податоци во табела бр.25 покажуваат дека највисокиот процент се однесува на тоа дека најголем дел од анкетираните воспитувачи (71.43%) не биле вклучени во истражувачки проект надвор од градинката, 17.14% од анкетираните биле вклучени во истражувачки проект надвор од градинката и 11.43% од анкетираните воспитувачи делумно биле вклучени во истражувачки проект надвор од градинката. Добиените резултати всушност укажуваат на невклученоста на градинките/воспитувачите во проекти кои се вршат надвор од градинката.

Со следното прашање сакаме да го испитаме мислењето на воспитувачите во однос на тоа каде се вршат повеќе истражувања од областа на раното детство, кај нас во Р.Македонија или пошироко на Балканот. Во однос на ова прашање ги добивме следниве податоци :

**Табела бр.26 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Според Ваше мислење, каде се вршат повеќе истражувања од областа на раното детсво?"**

| **14.Според Ваше мислење, каде се вршат повеќе истражувања од областа на раното детсво?** | **f** | % |
|---|---|---|
| а)воР.Македонија | 17 | 17% |
| б)пошироко на Баланот; | 83 | 83% |
| Вкупно: | 100 | 100% |

**Графикон бр.23 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Според Ваше мислење, каде се вршат повеќе истражувања од областа на раното детство?**




Забелешка: 5 воспитувачи не одговориле на прашањето

Прикажаните податоци покажуваат дека најголем дел од анкетираните воспитувачи, односно 83% сметаат дека истражувања од областа на раното детство повеќе се вршат пошироко на Балканот, отколку кај нас во Р. Македонија, а 17% од анкетираните сметаат дека истражувања од областа на раното детство повеќе се вршат кај нас во Р.Македонија.

Оние 5 воспитувачи кои не избрале ниту еден од понудените одговори, дале коментар не знам или не сум запознаена по однос на ова прашање, а исто

така имаше и коментари и од воспитувачи кои беа избрале дека пошироко на Балканот овие истражувања се поевидентни, и тоа коментирале, дека во Србија и Бугарија се вршат истражувања од областа на раното детство, повеќе отколку кај нас во Р.Македонија

Во прашалникот исто така беше испитан ставот на анкетираните воспитувачи во однос на тоа што мислат тие, дали треба почесто да се вршат истражувања од областа на раното детство кај нас во Р.Македоднија. Добиени се следниве податоци :

**Табела бр. 27 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Според Ваше мислење, сметате ли дека треба да се вршат почесто истражувања од областа на раното детство кај нас во Р.Македонија?"**

| **15.Според Ваше мислење, сметате ли дека треба да се вршат почесто истражувања од областа на раното детство кај нас во Р.Македонија?** | f | % |
|---|---|---|
| а)да; | 103 | 98.1% |
| б)не; | 2 | 1.9% |
| Вкупно: | 105 | 100% |

**Графикон бр. 24 Ставови на испитаниците во однос на прашањето "Според Ваше мислење, сметате ли дека треба да се вршат почесто истражувања од областа на раното детство кај нас во Р.Македонија?"**



Според добиените податоци може да се забележи дека најголем број, односно дури 98.1% од анкетираните воспитувачи сметаат дека треба што почесто да се вршат исражувања од областа на раното детство кај нас во Р.Македонија, а само 1.9% од нив сметаат дека не треба да се вршат истите.

Со ова се потврдува хипотезата дека анкетираните воспитувачи имаат позитивен став во однос на тоа да се вршат почесто истражувања од областа на раното детство кај нас во Р.Македонија.

## 3.2. Анализа и интерпретација на резултатите од интервјуто наменето за стручните соработници ( педагози и психолози)

Врз основа на интервјуто кое беше наменето за стручните соработници (педагози и психолози) и спроведено во предучилишните установи кои се примерок на ова истражување, ги добивме следниве податоци.

- Во однос на прашањето "***Се вршаш ли истражувања од обласша на раношо дешсшво кај нас во Р.Македонија***", стручните соработници од претходно наведените предучилишни установи велат дека да, се вршат вакви истражувања. Само еден стручен соработник педагог, кој има работно искуство над 20 години, вели дека вакви истражувања во Р.Македонија не се вршат. Во однос на негативниот одговор кој го добивме, прашавме на што се должи тоа, што мисли, кои се причините за ваквата состојба, со што следуваше одоговр дека не се информирани доволно околу таа проблематика.
- Во однос на мислењето за "***Пошребаша и неойходносша од вршење на исшражувања во обласша на раношо дешсшво:***, одговорите кои беа добиени беа едногласни, односно сите го застапуваат ставот дека е потребно и неопходно вршење на вакви истражувања.
- На прашањето "***Конкрешно во йредучилишнаша усшанова во која рабошише , се вршаш ли исшражувања од обласша на раношо дешсшво***", сите интервјуирани стручни соработници одговорија дека да, додека стручниот соработник, кој на првото прашање одоговори негативно , исто така и на ова прашање даде негативен одговор, дека не се вршат вакви истражувања во предучилишната установа каде што работи, а како причина за ваквата состојба беше наведена неангажираноста на воспитниот кадар.
- ***Доколку се секаваше на називош на йроекшош/исшражувањешо наведеше їо*** беше следното прашање, така што беа наведени следниве проекти:

* стандарди за рано учење и развој;

* ран детски развој;

* интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем;

* проект "Чекор по чекор";

*улогата на дефектологот во градење на инклузивната култура во детските градинки во Општина Кисела Вода;

* играта како фактор на детскиот развој;

- Во однос на прашањето "***Постојат ли посебно обучени истражувачи кои вршеле истаржувања кај вас од областа на раното детство***", тројца од интервјуираните стручни соработници одговорија негативно на ова прашање, а додека од останатите кои одговорија позитивно, беше побарано ги да наведат кои биле тие. Обучени истражувачи кои беа наведени се:

* експерти од Проектот "Ран Детски Развој";

*експерти од Проектот "Чекор по чекор";

* ЦИОР- Радовиш;

*магистер на дефектолошки науки;

- Во однос на прашањето, "***Дали предучилишната установа во која работите иницирала истражувачки проекти***", беа добиени истите одговори, како на прашањето "*Конкретно во предучилишната установа во која работитс , се вршат ли истражувања од областа на раното детство*".

- На прашањето "***Според Ваше мислење каде се вршат повеќе истражувања од областа на раното детство , кај нас во Р.Македонија или во Европа и пошироко***", сите интервјуирани стручни соработници, одговорија дека го делат мислењето дека пошироко на Балканот повеќе се вршат овие истражувања, отколку во Р.Македонија.

- Во однос на прашањето "***Сметате ли дека треба да се вршат почесто истражувања од областа на раното детство кај нас во Р.Македонија***", исто така следуваа позитивни одговори од страна на сите интервјуирани стручни соработници.

# ЧЕТВРТИ ДЕЛ

# ЗАКЛУЧНИ СОЗНАНИЈА И ПРЕПОРАКИ

## 4.1. Заклучни сознанија и препораки

Преку ова истражување добивме сознанија и податоци за истражувања во областа на раното детство кои се вршени кај нас во Р.Македонија, како и за истражувањата вршени во истата област надвор од границите на нашата земја. Исто така заклучивме дека воспитувачите и стручните соработници имаат позитивен став во однос на потребата и неопходноста од вршење на истражувања од областа на раното детство кај нас. Преку добиените резултати увидовме дали се вршат истражувања од областа на раното детство кај нас, кој ги врши тие истражувања и преку мислењата и ставовите на испитаната популација добивме директен увид за потребата од вакви истражувања кај нас.

Преку комапарацијата која беше вршена меѓу истражувањата од раното детство кај нас и пошироко на Балканот добивме една слика за тоа каде ваквите истражувања се почесто вршени, а исто така беа разгледани и различните аспекти на кои се однесуваат анализираните истражувањата во областа на раното детство, нивниот предмет на истражување, целите, методите, техниките и инструментите кои се користени за остварување на целта, а исто така беа изнесени и заклучоците и добиените резултати од истражувањата. Анализата на досега вршените истражувања, укажува на тоа дека во нашата земја помалку се застапени овие истражувања, додека надвор од границите, односно пошироко на Балканот, нивната застапеност е повеќе евидентна.

Во однос на поставените хипотези на истражувањето, првично е докажана општата хипотеза која се однесува на позитивниот став на воспитувачите и стручните соработници во однос на потребата и неопходноста од вршење истражувања од областа на раното детство кај нас во Р.Македонија. така што најголем дел од воспитувачите, односно изразено во проценти 79,05 % го делат мислењето дека е потребно и неопходно да се вршат истражувања од областа на раното детство. Потврдена е и хипотезата која се однесува на тоа дека градинката го која работат воспитувачите иницира истражувачки проекти, така што во однос на ова е добиен висок процент на позитивни одговори од страна на воспитувачите и тоа 70, 48% од анкетираните сметаат дека предучилишната

установа во која работат иницира истражувачки проекти. Во однос на поставената хипотеза дека постои заинтересираност на воспитувачите за нивно вклучување во истражувања од областа на раното детство, исто така се добиени позитивни резултати со кои се докажува и оваа хипотеза, односно 59, 05% од анкетираните воспитувачи се согласуваат и 27, 62% потполно се согласуваат дека во предучилишната установа во која работат постои заинтересираност на колегите за вклучување во истаржувања од областа на раното детство. Исто така делумно е потврдена е и хипотезата дека воспитувачите во градинката најмалку еднаш биле во улога на истражувачи, така што, 54, 28% од анкетраните дале потврден одговор,

Со оглед на испитаната појава и донесените заклучоци, ова истражување треба да допринесе што почесто да се вршат истражувања од областа од раното детство кај нас во Р.Македонија.

Препораки кои следуваат во врска со ова истражување се следниве:

- Се поголема застапеност на методологијата на педагошките истражувања во студиските програми за воспитувачите (иницијално образование);
  Во однос на ова потребно е на наставничките факултетите кои подготвуваат идни воспитувачи, наставници да се зголеми фондот на часовите од областа на методологијата на педагошките истражувања на кои студентите, идни воспитувачи ќе стекнат знаења и компетенции кои ќе претставуваат битен фактор за нивниот успешен професионален старт.
  Како креатори, дизајнери и носители на предучилишното воспитание и образование, грижата на воспитувачите остава белег и неминовно води кон градење на конзистентен модел за физиономирање на нивното иницијално образование и за нивниот педагошки професионален развој. Во тие рамки од особено значење е прашањето за соодносот меѓу стручно-научната и професионално-педагошката компонента на нивното иницијално образование;
- Потребата од усовршување на воспитувачите исто така претставува значаен сегмент, со што за нивно усовршување постои законска регулатива според која компетентни институции во оваа област се: Бирото за развој на образованието, високообразовните установи на кои се

подготвуваат наставниците, основните училишта и самите наставници, воспитувачи и стручни соработници. Неопходно е постојните високообразовни институции, на кои се школуваат наставници, воспитувачи, стручни работници за основните училишта (педагози, психолози, дефектолози и др.), да партиципираат во програмите за перманентното стручно и педагошко усовршување на наставниците, воспитувачите и другите соработници на основното училиште. Во однос на потребата од усовршување Бирото за развој на образованието треба да изготви план и програма за стручното усовршување на воспитувачите и наставниците;

- Да се подготвуваат истражувачи кои ќе бидат стручни во својата област, а со тоа да се помогне во унапредување методологијата на педагошките истражувања. Во однос на ова препорака, многу е значајно и за пофалба воведувањето на истражувачката насока на последипломските студии на Филозофскиот факултет на Институтот за педагогија која има за цел да подготвува истражувачи кои ќе бидат стручни во својата област, стручњаци кои ќе бидат оспособени да спроведуваат научни истражувања во рамките на педагошката наука.

# ПЕТТИ ДЕЛ

# БИБЛИОГРАФИЈА

## Библиографија


1. Алабашовска - Дамовска, Л. (1995), *Играта и нејзиното организирање во предучилишните установи*, Скопје: Догер

2. Ангеловска - Галевска, Н. (1994), *Креативноста на децата во предучилишните установи*, Битола: Киро Дандаро

3. Ангеловска - Галевска, Н. *Евалуација*, за интерна употреба

4. Ангеловска - Галевска, Н. (1998), *Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието*. Битола: Киро Дандаро

5. Bakovljev, M. (1997), *Osnovi metodologije pedagoskih istrazivanja*, Beograd: Naucna knjiga

6. Bakovljev, M. (1989), *Osnovi pedagogije*, Beograd: Zavod za udzbenike i nastavna sredstva

7. Баракоска, А. (2007), *Педагогија*, Скопје: Софија

8. Beric, B. (1986), *Vaspitanje deteta*, Zagreb: Globus

9. Gojkov, G. (2005). *Uvod u pedagošku metodologiju*. Vršac: Viša škola za obrazovanje vaspitača

10. Gojkov, G. (2007). Kvalitativna istrazivacka paradigm u pedagogiji, Vrsac: Viša škola za obrazovanje vaspitača

11. Good, V. Carter. (1967). *Metode istrazivanja u pedagogiji, psihologiji i sociologiji*, Rijeka: Otokar Kersovani

12. Grupa avtori, (1986). *Vaspitanje dece ranog uzrasta*, Svijetlost, Sarajevo: Zavod za udzbenike i nastavna sredstva

13. David, T. (1998). *Researching Early Childhood Education*, London: Paul Chapman Publishing Ltd

14. Encikopedijski rijecnik pedagogije, (1963). Zagreb: Matica Hrvatska

15. Ivic, I. (1984). *Vaspitanje dece predskolskog uzrasta*, Sarajevo: Svijetlost

16. Каменов, Е. (1988), *Предучилишна педагогија 1*, Скопје: Просветно дело

17. Каменов, Е. (1988), *Предучилишна педагогија 2*, Скопје: Просветно дело

18. Каменов, Е. , Петров, Н. (1988), *Методика на воспитно-образовна работа со децата од предучилишната возраст*, Скопје: Просветно дело

19. Kamenov, E. (1988), Metodika vaspitno - obrazovnog rada s predskolskom decom, Beograd: Zavod za udzbenike i nastavna sredstva

20. Kamenov, E. (1982), *Eksperimentalni programi za rano obrazovanje*, Beograd: Zavod za udzbenike i nastavna sredstva

21. Дамовска, Л. (2001), *Компатибилноста на предучилишното со основното воспитание и образование*, Скопје: Круг

22. Mitrovic, D. (1984). *Pretskolska pedagogija*: Sarajevo, Svijetlost

23. Miljak, A. (1986). *Novi pristupi u istrazivanju fenomena predskolskog odgoja*, Pedagoski rad: Zagreb

24. Мицковиќ, Н. (1991). Научно-истражувачката работа во обласа на педагогијата денес, Скопје: Просветно Дело

25. Muzic, V. (1986). *Metodologija pedagoskog istrazivanja*, Sarajevo: Svijetlost

26. Muzic, V. (2004). *Uvod u metodologiju istrazivanja odgoja i obrazovanja*, Sarajevo: Educa

27. Николовска, Ј. , Мурџева-Шкариќ, О. и др,(2011), *Важноста на раната возраст-првите три години*, Скопје: ЈУДГ на ОЦ „Раде Јовчевски -Корчагин

28.Николовска, Ј. (2007), *Педагошко-методички истражувања и погледи*: Скопје, Матица Македонска

29. Национална програма за развој на образованието во Р. Македонија, 2005-2015, Министерство за образование и наука на РМ;

30. Образование и грижа во раното детство,(2009), *Клучни лекции од истражување за креатори на политики*, Независен извештај поднесен до Европската комисија од мрежите на експерти НЕССЕ

31. *Pedagoski leksikon*, (1996), (red. dr. Dobrosav Bceletic) , Beograd: Zavod za ucbenike i nastavna sredstva.

32. Pesic, M. (1987), *Vrednovanje predskolskih vaspitnih programa*, Beograd: Zavod za ucbenike i nastavna sredstva.

33. Suzić, N. (2007). *Primijenjena pedagoška metodologija*. Banja Luka: XBS

34. World Bank: (2002) From *Early Child Development to Human Development*, Washington DC

35. Sharman, C. , Cross, W. , Vennis, D. (1995), *Observing Children*, London: Cassell

36. Horvat, L. (1986), *Predskolsko vaspitanje i intelektialni razvoj*, Beograd: Zavod za udzbenike i nastavna sredstva

37.http://fzf.ukim.edu.mk/files/zbornik/01%20%20Godisen%20zbornik%20br.%2062%20(2009)/FzF2009-02%20Alabasovska.pdf

38. http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/MK_Pun_ELDS_MKD.pdf

39. http://www.see-educoop.net/education_in/pdf/macedonia-preducilisno.pdf

40.http://mojapedagogija.wordpress.com/2011/11/15/cilj-i-zadaci-vaspitanja-dece-ranog-uzrasta/

41.http://www.cuvanjedece.rs/wp-content/uploads/2010/12/Prirucnik-vaspitno-obrazovni-rad.pdf

42.http://pedagoskifakultet.com.ba/wp-content/uploads/2012/03/MATERIJAL-ZA-U%C4%8CENJE-METODOLOGIJA-2012.pdf

43. http://hrcak.srce.hr/index.php?show=clanak&id_clanak_jezik=21431

44.http://edemokratija.mk/documents/10157/29516/%D0%9D%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0+%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%

D0%BC%D0%B0+%D0%B7%D0%B0+%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D0%B8+%D0%BD%D0%B0+%D0%BE%D0%B1%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%BE%D0%B2%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D0%B5%D1%82%D0%BE+%D0%B2%D0%BE+%D0%A0.%D0%9C.+2005-2015.pdf

45. http://www.npro.edu.mk/dokumenti/PROGRAMI/Profesionalen_Razvoj.pdf

46. http://www.pdfio.com/k-2339497.html

47. http://www.erisee.org/downloads/2013/2/framwork%20of%209years%20primary%20education%202007%20MK.pdf

48. http://obrazovnicentar.com/category/strucno-usavrsavanje/

49. http://www.sao.org.rs/documents/2012/Istrazivanja%20u%20pedagogiji%202.pdf

50. http://www.uskolavrsac.edu.rs/KnjigeGG/Kvalitativna_istrazivanja.pdf

# ШЕСТИ ДЕЛ

# ПРИЛОЗИ

**Прашалник за воспитувачи**

Почитувани, со прашалникот би сакала да дојдам до информации кои ќе ми овозможат успешно да го извршам ова истражување за изработка на магистерскиот труд.

Прашалникот е составен од неколку разновидни прашања кои бараат прецизни одговори и коментари на вашите одговори. Има прашања кои бараат едноставно заокружување на вашето мислење, но има и прашања кои бараат ваше мислење и проценување. Прашањата се однесуваат на истражувањата во воспитанието и образованието кај предучилишните деца, односно во периодот на раното детство .

Целта на овој прашалник е да собереме податоци за истражувањата во раното детство, за нивната потреба и застапеност во вашата предучилишна установа. Затоа Ве молиме најискрено да одговорите на поставените прашања. Вашите одговори ќе бидат користени исклучително за што подобро проучување на овој проблем. Прашалникот е анонимен!

Ви благодарам за соработката !

**Најнапред Ве молиме да дадете некои општи податоци за Вас:**

**1.Во која предучилишна установа работите:**

______________________________________________

**2. Место:**

Општина ______________________________________

**Заокружете ги податоците за вашиот степен на образование и должината на вашето работно искуство**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Воспитувач** | **Степен на образование:** | | |
| | а)високо | б)вишо | в)средно |
| | **Должина на работно искуство:** | | |
| | а)до 10г. | б)од 11-20г. | в) над 20г. |

**1. Според Ваше мислење, се вршат ли истражувања од областа на раното детство кај нас во Македонија?** (изберете еден од понудените одговори)

а)Да, се вршат;

б)Делумно се вршат;

в)Не, не се вршат;

г)Не сум запознаен/а, не знам;

**2. Доколу вашиот одговор на првото прашање е негативен, дадете коментар зошто мислите дека тоа е така, односно на што се должи тоа!**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**3. Дали сметате дека е потребно и неопходно да се вршат истражувања во раното детство ?** (изберете еден од понудените одговори)

а)Да, сметам дека е потребно и неопходно;

б)Да, сметам дека е потребно, но не и неопходно;

в)Не знам;

г)Не, сметам дека е непотребно;

**4. Се вршат ли истражувања во раното детство , конкретно во предучилишната установа во која вие работите?** (изберете еден од понудените одговори)

а)Да , се вршат;

б)Да, но во мал број;

в)Многу ретко;

г)Не, воопшто не се вршат ;

**4а. Доколку Вашиот одговор на претходното прашање е б), в) или г) , наведете причини зошто сметате дека тоа е така?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**5. Доколку во предучилишната установа во која работите се вршат истражувања во раното детство, заокружете или дополнете на кој аспект тие се однесуваат?**

а) Организацијата на активностите;

б)Просторните и материјалните услови во градинката;

в)Креативноста на децата;

г)Играта и нејзиното организирање;

д)________________________________

**5а. Доколку се сеќавате на називот на проектот/истражувањето наведете го!**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**5б. Колку истражувачи учествувале во проектот/ истражувањето?** (изберете еден од понудените одговори)

а) од 1 до 3

б) од 3 до 5

в) повеќе од 5

**6. Дали вработените во градинката биле во улога на истражувачи?** (изберете еден од понудените одговори)

а) да;

б) не;

в) не сум запознаен/а;

**7. Постојат ли посебно обучени истражувачи кои вршеле истражувања кај вас од областа на раното детство? Доколку постојат наведете ги!** (изберете еден од понудените одговори)

а) да; наведете ги!____________________________________

____________________________________________

б)не;

**8. Дали истражувачите кои вршеле истражувања се обучени да вршат вакви истражувања ?** (изберете еден од понудените одговори)

а) да;

б)не;

в)не знам;

**9. Доколку се обучени, каде ги стекнале вештините?** (изберете еден од понудените одговори или дополнете)

а) обуки;

б) семинари;

в)____________________________________________

г)____________________________________________

**10. Дали градинката во која работите иницирала на истражувачки проекти?** (изберете еден од понудените одговори)

а) да;

б)не;

в)не знам;

**11. Доколку градинката во која работите иницирала на истражувачки проекти, наведете ги !**

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

**12. Во табелата се дадени низа тврдења за истражувањата од раното детство. Ваша задача е да го изнесете степенот на вашето согласување, односно несогласување со секое тврдење, т.е да го одбележите со знакот x одговорот за секое тврдење во соодветната колона. Овде нема точни и неточни одговори, сите одговори се добри, само ако се искрени, ако се навистина она што мислите.**

| | Воопшто не се согласувам | Не се согласувам | Неодлучен/а сум | Се согласувам | Потполно се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Не постои високо ниво на застапеност на истражувања во раното детство кај нас во Р.Македонија | | | | | |
| Во Р.М не постојат доволно обучени истражувачи за вршење на истражувања | | | | | |
| Вработените во нашата градинка имаат доволно компетенции за изработка на проект/истражување | | | | | |
| Нашата градинка не била вклучена во истражувачки проект | | | | | |
| Нашата градинка не била вклучена никогаш во истражување од областа на раното детство | | | | | |
| Во нашата градинка постои заинтересираност на колегите за вклучување во истражувања од областа на раното детство | | | | | |

**13. Во табелата се дадени неколку алтернативи. Ваша задача е да дадете лична проценка на дадените алтернативи.**

| | Да | Делумно | Не |
|---|---|---|---|
| **Имам посетувано обуки, семинари за стекнување на истражувачки вештини** | | | |
| **Имам стекнато компетенции/ вештини за истражување** | | | |
| **Разменувам знаења и идеи за истражувачки проекти со колегите** | | | |
| **Сакам да посетувам што повеќе обуки,семинари за изработка на проекти/истражувања** | | | |
| **Сакам да се надоградувам со знаења и да стекнам компетенции за истражување** | | | |
| **Сум бил/а вклучен/а во истражувачки проект во градинката** | | | |
| **Сум бил/а вклучен/а во истражувачки проект надвор од градинката** | | | |

**14. Според Ваше мислење , каде се вршат повеќе истражувања од областа на раното детство?** (изберете еден од понудените одговори; доколку имате коментар - коментирајте)

а)во Р.Македонија

б)пошироко на Балканот;

Коментар: ______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

**15. Според Ваше мислење, сметате ли дека треба да се вршат почесто истражувања од областа на раното детство кај нас во Р. Македонија?** (изберете еден од понудените одговори; доколку имате коментар - коментирајте)

а)да;

б)не;

Коментар:______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

## Интервју за стручни соработници ( педагози и психолози)

1. Според Ваше мислење, се вршат ли истражувања од областа на раното детство кај нас во Р.Македонија?
2. Дали сметате дека е потребно и неопходно да се вршат истражувања во раното детство?
3. Конкретно во предучилишната установа во која работите, се вршат ли истражувања од областа на раното детство?
4. Наведете го називот на проектот/истражувањето кое е вршено в вашата предучилишна установа!
5. Постојат ли посебно обучени истражувачи кои вршеле истражувања кај вас од областа на раното детство?
6. Дали предучилишната установа во која работите иницирала истражувачки проекти?
7. Според Ваше мислење, каде се вршат повеќе истражувања од областа на раното детство, кај нас во Р.Македонија или во Европа и пошироко?
8. Сметате ли дека треба да се вршат почесто истражувања од областа на раното детство кај нас во Р.Македонија.

## Протокол за анализа на содржина

Во однос на протоколот на содржинската анализа, ќе бидат опфатени и анализирани сите достапни, публикувани извештаи од истражувања во воспитанието и образованието на предучилишните деца извршени во периодот од осамостојувањето на Република Македонија 1991 до денес.

1. Аспект на кој се однесуваат достапните истражувања во раното детство, односно предмет на истражувањата:

___

___

___

2. Општи цели на истражувањата:

___

___

___

3. Карактерот на истражувањата:

___

___

4. Методи, техники и инструменти кои се користени во истражувањата :

___

___

___

5. Начинот на обработка и средување на податоците:

_______________________________________________

_______________________________________________

6. Заклучни согледувања од анализираните истражувања:

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

СОДРЖИНА

Вовед ........................................................ 2

**ПРВ ДЕЛ**

**ТЕОРИСКИ СОГЛЕДУВАЊА НА ПРОБЛЕМОТ**

1. Општествените услови и истражувањата.................................5
2. Ран детски развој - инвестиција во иднината............................ 6

2.1. Програми и стандарди за ран детски развој во Р.Македонија..............8

3. Историски преглед на истражувањата во раното детство................. 10
4. Специфичности на методологијата на истражувањата во воспитанието и образоованието кај предучилишните деца.................................12
5. Значајни претставници на предучилишната педагогија.....................14
6. Проекти и истражувачки активности во Р.Македонија.....................16
7. Истражувања во воспитанието и образованието на предучилишните деца - методолошки карактеристики и специфики.................................19

7.1. Преглед на истражувања од областа на раното детство во Европа и пошироко.......................................................19

7.2. Преглед на истражувања од областа на раното детство во Република Македонија......................................................32

**ВТОР ДЕЛ**

**МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**

2.1. Предмет на истражувањето.........................................38

2.2. Дефинирање на основните поими на предметот на истражување.............38

2.3. Цел и карактер на истражувањето..................................39

2.4. Задачи на истражувањето..........................................40

2.5. Хипотези на истражувањето........................................41

2.6. Истражувачки прашања.............................................41

2.7. Примерок на истражувањето........................................42

2.8. Методи, техники и инструменти на истражувањето........................42

**ТРЕТ ДЕЛ**

**АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО**

3.1. Анализа и интерпретација на резултатите од прашалникот наменет за воспитувачите........................................................46

3.2. Анализа и интерпретација на резултатите од интервјуто наменето за стручните соработници ( педагози и психолози)......................................81

**ЧЕТВРТИ ДЕЛ**

**ЗАКЛУЧНИ СОЗНАНИЈА И ПРЕПОРАКИ**

4.1. Заклучни сознанија и препораки........................................84

**ПЕТТИ ДЕЛ**

**БИБЛИОГРАФИЈА**

5.1. Библиографија..........................................................88

**ШЕСТИ ДЕЛ**

**ПРИЛОЗИ**

6.1. Прашалник за воспитувачи................................................93

6.2. Интервју за стручни соработници ( педагози и психолози)..................100

6.3. Протокол за анализа на содржина.........................................101